# **ПРИРАЧНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО**
# ВИРТУЕЛНИ ВАЛУТИ ВО КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

АСЈО
Академија за судии и јавни обвинители

**Прирачник за постапување со виртуелни валути во кривични постапки**

**Издавач:** Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Авторки:** Ленче Ристоска, Анита Ветерник

**Уредници:** Артан Мурати, Ѓорѓи Конески

**Превод и лектура:** „Бестел“- Скопје

**Графички дизајн:** „Полиестердеј“, Скопје

Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

ISBN: 978-92-9271-027-9

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# Прирачник за постапување
# со виртуелни валути
# во кривични постапки

# Содржина

**Акроними и кратенки** 6

**I. Вовед** 7

**II. Концепти и дефиниции** 9

1. Виртуелни валути 9
   1.1. Конвертибилна и неконвертибилна виртуелна валута 11
   1.2. Централизирана и децентрализирана виртуелна валута 12
2. Учесници во системот за виртуелни валути 14
   2.1. Пронаоѓачи и администратори/издавачи на монети 14
   2.2. Рударство (копање) и рудари 15
   2.3. Корисник 16
   2.4. Разменувач 17
   2.5. Платформи за тргување 19
   2.6. Паричник за виртуелни валути 20
   2.7. Давател на паричник 23
   2.8. Семе 24
   2.9. Овозможувачи на плаќања 24
   2.10. Анонимизатор (алатка за анонимизирање) 24
   2.11. Миксери и тамблери 25
   2.12. Tor 26
   2.13. ВПН 27
   2.14. Биткоин 27
   2.15. Алткоин 27
      2.15.1. Криптовалути базирани на копање 28
      2.15.2. Стабилни монети 28
      2.15.3. Безбедносни токени 29
      2.15.4. Комунални токени 29
3. Како концептот на виртуелни валути се применува во пракса? 29

**III. Важност на виртуелните валути во кривични постапки** 30

1. Откривање на виртуелните валути во кривични постапки и добивање релевантни информации и докази 30
2. Воспоставување на контрола врз виртуелните валути 34

**IV. Законодавство на Република Северна Македонија во врска со виртуелните валути 37**

1. Национална правна основа за постапување со виртуелни валути во кривичните постапки 38

1.1. Привремено одземање и конфискација на виртуелни валути како предмети употребени за и предмети настанати од извршување на кривично дело 39

1.1.1. Привремено одземање на виртуелните валути како предмети употребени за или предмети настанати од извршување кривично дело 40

1.1.2. Конфискација (трајно одземање) на виртуелни валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело 44

1.2. Привремено одземање и конфискација на виртуелните валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело 46

1.2.1. Привремено одземање на виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело 47

1.2.2. Конфискација на виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело 49

1.3. Виртуелните валути како доказ во кривичните постапки 50

2. Меѓународни правни основи за привремено одземање и конфискација на виртуелни валути што ја обврзуваат Република Северна Македонија 54

3. Практични предизвици поврзани со привременото одземање и конфискација на виртуелните валути во кривични постапки и отворени прашања 57

**V. Искуствата на Република Словенија за постапување со виртуелни валути во кривичните постапки 60**

1. Правна рамка 60

2. Истражување и обезбедување на информации 64

3. Обезбедување на побарувањата и конфискација на имот 66

4. Суштински кривични одредби во словенечката правна рамка 68

5. Практично искуство – студија на случај 71

**VI. Заклучоци и препораки 77**

**Библиографија 80**

**Анекси 85**

# Акроними и кратенки

| | |
|---|---|
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕЦБ | Европска централна банка |
| ФАТФ | Работна група за финансиска акција |
| ЕЈЦН | Европска судска мрежа за компјутерски криминал |
| ЦБДЦ | Дигитални валути на централната банка |
| ВПН | Виртуелна приватна мрежа |
| PoW | Доказ за работа (Proof-of-Work) |
| ICOs | Иницијални понуди на монети |
| Кју-ар код | Код за брз одговор |
| ПИН | Личен идентификациски број |
| ИП | Интернет-протокол |
| ID | Идентификациски број |
| UTXO | Излез на непотрошена трансакција |
| АМЛД5 | Директива (ЕУ) 2018/843 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за изменување и дополнување на Директивата (ЕУ) 2015/849 за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање на тероризам, и изменување и дополнување на Директивите 2009/138/ ЕС и 2013/36/ ЕУ |
| ZPPDFT | Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Словенија |
| OZ | Закон за облигација на Словенија |
| SPZ | Закон за сопственост на Словенија |
| KZ | Кривичен законик на Словенија |
| ZKP | Закон за кривична постапка на Словенија |
| КЗ | Кривичен законик на Северна Македонија |
| ЗКП | Закон за кривична постапка на Северна Македонија |

# I. Вовед

Виртуелните валути стануваат нова реалност не само за финансиските системи, за дигиталниот свет и за нивните корисници, туку и за агенциите за спроведување на законите и за судството. И покрај нивното легитимно постоење и цел, виртуелните валути често се мета на криминалците и се јавуваат како предмети употребени за или настанати од извршување на кривично дело или како имотна корист стекната со извршување на кривични дела, што создава потреба за органите на прогонот да развијат подлабоко разбирање за концептот на виртуелните валути, за нивната употреба и, следствено, за нивната злоупотреба за криминални цели.

Прирачникот за постапување со виртуелните валути во кривични постапки е изработен со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамките на проектот: „Зајакнување на владеењето на правото и човековите права во Северна Македонија“ и во соработка со националната Академија за судии и јавни обвинители. Целта на Прирачникот е двојна: 1) да служи како алатка за националните агенции за спроведување на законите и обвинителството во кривичните постапки кои вклучуваат виртуелни валути и 2) да се користи како алатка за обука за судии и јавни обвинители кои посетуваат обука на Академијата за судии и јавни обвинители.

Главната идеја за изработка на ваков прирачник се крие зад актуелната ситуација во Северна Македонија во однос на виртуелните валути, којашто е повеќе од предизвикувачка. Не можејќи да ги препознае виртуелните валути како реалност, законодавството во Северна Македонија во овој момент воопшто не се занимава со виртуелни валути. Меѓутоа, имајќи го предвид интересот на Северна Македонија за интеграција во ЕУ, стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди и инструменти кои ја обврзуваат Северна Македонија, во моментот на објавување на овој прирачник, постојат законски обиди на националните власти на Северна Македонија да ги дефинираат и донекаде да ги регулираат виртуелните валути. Во однос на ова, Прирачникот дава теоретски увид во концептот на виртуелни валути, ја нагласува законодавната позиција и законодавните обиди на властите на Северна Македонија и дава практични решенија за тоа како да се постапува со виртуелните валути во кривичните постапки врз основа на актуелното законодавство.

Покрај тоа, Прирачникот дава информации за постоечките стандарди на ЕУ во оваа област и за најдобрите практики, земајќи го како пример

словенечкото законодавство, како законодавство слично на она на Северна Македонија, но во исто време законодавство кое е во согласност со сите европски стандарди. Освен што можат да го продлабочат своето разбирање за постојните правни случувања во врска со виртуелните валути во кривичните постапки, на професионалците им се даваат можности да учат од искуствата на другите земји и да ги имплементираат најдобрите практики.

Во суштина, Прирачникот има за цел да ги подобри капацитетите на органите на прогон во Северна Македонија кога имаат работа со виртуелни валути во кривични постапки преку обезбедување практични информации за истражителите и обвинителите за откривање, истражување и заплена на виртуелни валути во кривични постапки. Имајќи предвид дека Прирачникот ги нагласува меѓународните и ЕУ-стандардите во областа, комбинирани со тековните државни напори, може да се смета и како водич за властите на Северна Македонија за изготвување и усвојување на сеопфатно и хармонизирано законодавство на темата на виртуелните валути во кривичните постапки.

Методологијата користена за изработка на овој прирачник се заснова на правни истражувања во областа и практични согледувања и искуства на експертите кои го изработиле. Исто така, беа остварени серија состаноци и интервјуа со претставници од институциите на Северна Македонија кои имаат интерес за развивање на правна рамка за виртуелните валути.

Прирачникот се состои од пет главни поглавја, вклучувајќи го и воведот како прво поглавје. Второто поглавје се фокусира на концепти и дефиниции со кои практичарите треба да бидат запознаени за подобро да ја разберат технологијата и виртуелните валути. Третото поглавје ја објаснува важноста на виртуелните валути за кривичната постапка и дава информации и практични совети за тоа како да се откријат и обезбедат виртуелните валути во кривичната постапка. Четвртото поглавје го анализира законодавството на Северна Македонија и дава насоки за практичарите за заплена и конфискација на виртуелни валути според сегашното законодавство. Разработени се и меѓународните обврски што ги има преземено Северна Македонија во врска со заплената и конфискацијата на виртуелни валути. Петтото поглавје го опфаќа искуството на Република Словенија, како релевантно искуство на ЕУ во областа на заплена и конфискација на виртуелни валути. Елаборираната законска рамка е поддржана со практичен пример и вклучена е и студија на случај. Последното поглавје се однесува на заклучоците и препораките кои ги комбинираат практичните искуства што постојат во Словенија и постоечката правна рамка во Северна Македонија.

# II. Концепти и дефиниции

## 1. ВИРТУЕЛНИ ВАЛУТИ

Виртуелните валути не се нов концепт, бидејќи повеќе виртуелни валути се појавија и исчезнаа во текот на изминатата деценија, почнувајќи од E-gold (е-голд) (1996), WebMoney (вебмани) (1998), Liberty Reserve (либерти ризрв) (2006), Bitcoin (биткоин) (2009) итн.[1]

И покрај овој факт, во моментов не постои унифицирана дефиниција за виртуелни валути. Различни агенции и институции даваат различни дефиниции во однос на нивното разбирање за виртуелните валути како што се: Европската централна банка[2], Меѓународниот монетарен фонд[3], Светската банка[4], ФАТФ[5] и други меѓународни институции[6].

Во рамките на Европската Унија, виртуелните валути се дефинирани во член 1, 2), г) од Директивата (EU) 2018/843 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за изменување и дополнување на Директивата (EU) 2015/849 за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање тероризам и изменување и

---

1 Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, јуни 2014 стр. 7 и 8 **https://www.imolin.org/pdf/imolin/FULL10-UNODCVirtualCurrencies_final.pdf**

2 Европска централна банка „Virtual Currency Schemes“, октомври 2012, **https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencyschemes201210en.pdf**

3 Белешка за дискусија на персоналот на Меѓународниот монетарен фонд, „Virtual Currencies and Beyond: Initial Considerations“, јануари 2016, **https://www.imf.org/external/pubs/ft/sdn/2016/sdn1603.pdf**

4 Distributed Ledger Technology (DLT) and Blockchain, FinTech Note no.1, Групација на Светска банка, Меѓународна банка за обнова и развој, 2017 - **https://documents1.worldbank.org/curated/en/177911513714062215/pdf/122140-WP-PUBLIC-Distributed-Ledger-Technology-and-Blockchain-Fintech-Notes.pdf**

5 ФАТФ „Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks“, јуни 2014, **http://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**, ФАТФ Guidance for risk based approach Virtual Currencies, Јуни 2015 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Guidance-RBA-Virtual-Currencies.pdf** and ФАТФ Guidance for a risk based approach, Virtual Assets and Virtual Assets Service Providers, Јуни 2019 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/recommendations/RBA-VA-VASPs.pdf**

6 Како што се Европската банкарска управа, Европската управа за хартии од вредност и пазари итн.

дополнување на Директивите 2009/138/ЕС и 2013/36/ EU[7]. Така, виртуелната валута е „дигитална репрезентација на вредност којашто не е издадена или гарантирана од централна банка или влада, која не е нужно поврзана со законски определена валута и која нема правен статус на валута или пари, но која е прифатена од лица или субјекти како средство за размена и кое може да се пренесува, складира и тргува по електронски пат“.

Дадената дефиниција се однесува на заедничките карактеристики на виртуелните валути:

1. Виртуелните валути се дигитална репрезентација на вредност.
   Генерално, вредноста може да биде претставена во физичкиот свет (на пр. злато, недвижен имот, вистински пари) како и во дигиталниот свет (електронски пари, виртуелни валути). За разлика од вредноста во физичкиот свет, вредноста во дигиталниот свет е виртуелна, што значи дека не е опиплива, нематеријална е и се состои чисто од информации.
2. Виртуелните валути можат да се пренесуваат, складираат и да се тргува со нив по електронски пат
3. Виртуелните валути не се издадени или гарантирани од централна банка или од влада и немаат правен статус на валута или пари
   Виртуелните валути се разликуваат од фиат валутата (наречена „вистинска валута“, „вистински пари“ или „национална валута“), односно од монетите и книжните пари на една земја назначени како нејзино законско платежно средство, кои циркулираат и вообичаено се користат и прифаќаат како средство за размена во земјата издавач. Виртуелните валути се разликуваат од е-парите, кои пак се дигитално претставување на фиат валутата што се користи за електронски трансфер на деноминираната вредност на фиат валутата. Е-парите се всушност механизам за дигитален трансфер на фиат валута - т.е. електронски пренесуваат вредност што има статус на законско платежно средство.[8] Овде, исто така, треба да се забележи дека терминот „дигитална валута“ има поширок опсег од терминот „виртуелна валута“, бидејќи значи дигитално претставување или на виртуелната валута како нефиат валута или на е-парите како фиат валута.
4. Виртуелните валути не се нужно поврзани со законски определена валута
5. Виртуелните валути се прифатени од лица или од субјекти како средство за размена. Овој аспект го оправдува терминот „валути“. И покрај фактот дека виртуелните валути не се пари, бидејќи тие не вклучуваат побарување од банка или од влада, тие се прифатени

7 Оваа директива е позната и како Петта директива против перење пари (AMLD5) **https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32018L0843&from=EN**

8 Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, јуни 2014, стр. 4

од нивните корисници како средство за размена и можат да бидат и пресметковна единица и складиште на вредност.

За разлика од ваквата дефиниција дадена во Петта директива против перење пари на ЕУ (АМЛД 5), во своите најнови препораки ФАТФ воведува поширок пристап, прифаќајќи го концептот на **„виртуелни средства“** наместо концептот на „виртуелни валути“. Главните причини за проширување на дефиницијата за виртуелни валути и воведување на концептот на виртуелни средства се: 1) развојот на нови технологии кои овозможуваат или дозволуваат намалена транспарентност и зголеменото прикривање на финансиските текови, 2) појавата на други деловни модели на виртуелни средства или активности кои претставуваат ризик од кривична гледна точка и 3) појавата на нови типологии на незаконско финансирање, вклучително и зголемената употреба на виртуелни валути во виртуелни пирамидални шеми кои се обидуваат дополнително да ги прикријат трансакциите на релативно лесен, евтин и безбеден начин.[9] Така, според дефиницијата на ФАТФ виртуелното средство е дигитално претставување на вредност со коешто може дигитално да се тргува или кое може да се пренесе и може да се користи за плаќање или за инвестициски цели. Виртуелните средства не вклучуваат дигитална репрезентација на фиат валути, гаранции и други финансиски средства кои се веќе опфатени со други препораки на ФАТФ.[10]

Првата забелешка е дека дефиницијата на АМЛД5 за „виртуелни валути“ е многу потесна од дефиницијата на ФАТФ за „виртуелни средства“.[11] Ги покрива само виртуелните валути и не опфаќа други видови криптосредства, особено токени.

Без оглед на употребениот термин, постојат два главни подвидови на виртуелни валути: а) конвертибилна и неконвертибилна виртуелна валута и б) централизирана и децентрализирана виртуелна валута.

## 1.1. Конвертибилна и неконвертибилна виртуелна валута

**Конвертибилната (или отворена) виртуелна валута** има еквивалентна вредност во вистинска валута и може да се разменува напред-назад за

9 ФАТФ Guidance for Risk-based Approach to Virtual Assets and Virtual Asset Service Providers, јуни 2019 стр. 6 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/recommendations/RBA-VA-VASPs.pdf**

10 Ibid. стр. 57

11 R. HOUBEN and A. SNYERS, "Crypto-assets, Key developments, regulatory concerns and responses", European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, Април 2020, стр. 48 (electronically available via **https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/648779/IPOL_STU(2020)648779_EN.pdf**).

вистинска валута. Примерите Вклучуваат: биткоин, е-голд (непостоечка); либерти ризрв (непостоечка); секонд лајф линден доларс; и вебмани..[12] Треба да се нагласи дека поимот „конвертибилна валута“ на ниту еден начин не подразбира екс официо конвертибилност (на пр. во случај на златен стандард), туку де факто конвертибилност (на пр. затоа што постои пазар). Така, виртуелната валута е „конвертибилна“ само додека некои приватни учесници даваат понуди, а други ги прифаќаат, бидејќи „конвертибилноста“ воопшто не е загарантирана со закон.[13]

**Неконвертибилната (или затворена) виртуелна валута** е наменета да биде специфична за одреден виртуелен домен или свет, како што е масовна мултиплеер онлајн игра со улоги (MMORPG) или Amazon.com, и според правилата што ја регулираат нејзината употреба, не може да се заменува за фиат валута. Примерите вклучуваат: Project Entropia Dollars; Q Coins; и World of Warcraft Gold.[14] Треба да се забележи дека неконвертибилната карактеризација не е нужно статична, бидејќи дури и кога, според условите поставени од администраторот, неконвертибилната валута е официјално пренослива само во одредена виртуелна средина и не е конвертибилна, можно е да се појави неофицијален, секундарен црн пазар кој дава можност за размена на „неконвертибилната“ виртуелна валута за фиат валута или друга виртуелна валута. Општо земено, администраторот ќе применува санкции (вклучувајќи прекин на членството и/или одземање на преостанатата виртуелна валута) за оние кои сакаат да создадат или користат секундарен пазар, спротивно на правилата на валутата. Развојот на робустен секундарен црн пазар на одредена „неконвертибилна“ виртуелна валута може, практично, ефективно да ја трансформира во конвертибилна виртуелна валута.[15]

## 1.2. Централизирана и децентрализирана виртуелна валута

**Централизираните виртуелни валути** имаат единствен административен орган (администратор) - т.е. трета страна која го контролира системот. Администраторот ја издава валутата; ги утврдува правилата за нејзината употреба; води централна платежна книга; и има овластување да ја откупи валутата (да ја повлече од оптек). Девизниот курс за конвертибилната

12 Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, јуни 2014, стр. 4 и 5

13 ФАТФ Guidance for a Risk-based Approach to Virtual Currencies, јуни 2015, стр. 27

14 Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, јуни 2014, стр. 4 и 5

15 ФАТФ Guidance for a Risk-based Approach to Virtual Currencies, Јуни 2015, стр. 27

виртуелна валута може да биде или флуктуирачки - т.е. определен од пазарната понуда и побарувачка за виртуелната валута - или врзан - т.е. фиксиран од администраторот по одредена вредност измерена во фиат валута или во друга реална вредност, како злато или множество од валути. Во моментов, огромното мнозинство на трансакции со плаќања со виртуелни валути вклучува централизирани виртуелни валути. Примери: E-gold (непостоечка); Liberty Reserve dollars/euros (непостоечка); Second Life „Linden dollars"; PerfectMoney; WebMoney „WM units"; и World of Warcraft gold.[16]

Дигиталните валути на централната банка (ЦБДЦ) се дигитални валути коишто ги издаваат централните банки, со тоа тие се виртуелна форма на фиат валута. ЦБДЦ е електронски запис или дигитален токен на официјалната валута на земјата и како таков е целосно поддржан од владата којашто го издава.[17] ЦБДЦ може да се дизајнираат на повеќе начини, така што не постои единствена дефиниција за тоа што претставуваат ЦБДЦ. На најосновно ниво, ЦБДЦ можат да се опишат како „парична вредност складирана електронски што претставува обврска на централната банка и може да се користи за плаќања". Сепак, ЦБДЦ не треба да се меша со криптосредства, бидејќи: а) додека криптосредствата се приватни средства, ЦБДЦ се суверени по природа и б) додека издавањето на криптосредства се потпира на употребата на технологија на дистрибуирани регистри (ДЛТ) или слична технологија, издавањето на ЦБДЦ не зависи од употребата на некоја специфична технологија.[18]

**Децентрализираните виртуелни валути (познати како криптовалути)** се дистрибуирани, со отворен код, математички базирани peer-to-peer виртуелни валути кои немаат централно административно овластување и немаат централно следење или надзор. Примери: биткоин, лајткоин и рипл.[19] Криптовалутата се однесува на математички базирана, децентрализирана конвертибилна виртуелна валута која е заштитена со криптографија. - т.е. таа вклучува принципи на криптографија за да се имплементира дистрибуирана, децентрализирана, безбедна информациска економија. Криптовалутата се потпира на јавни и на приватни клучеви за трансфер на вредноста од едно лице (физичко или правно) на друго и мора да биде криптографски потпишана секој пат кога се пренесува. Безбедноста,

16 Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, јуни 2014, стр. 5

17 **https://www.investopedia.com/terms/c/central-bank-digital-currency-cbdc.asp**

18 "Crypto-assets, Key developments, regulatory concerns and responses", Prof. Dr. Robby Houben and Alexander Snyers, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies, European Parliament, април 2020 стр. 27

19 Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, јуни 2014, стр. 5

интегритетот и рамнотежата на регистрите за криптовалути се обезбедени од мрежа на страни со меѓусебна недоверба кои ја штитат мрежата во замена за можноста да добијат случајно распределен надоместок (во биткоин, мал број новосоздадени биткоини, наречени „блок награда“, а во некои случаи, исто така, такси за трансакции што ги плаќаат корисниците како поттик за „рударите“ да ги вклучат своите трансакции во следниот блок).[20]

Во пракса, повеќето од виртуелните валути што се појавуваат во кривичните постапки се криптовалути.

# 2. УЧЕСНИЦИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ВИРТУЕЛНИ ВАЛУТИ

## 2.1. Пронаоѓачи и администратори/издавачи на монети

Пронаоѓачи на монети се поединци или организации кои создаваат виртуелни валути и го развиваат техничкиот дел од мрежата.[21] Во некои случаи нивниот идентитет е познат (на пр. рипл, лајткоин, кардано), но често тие остануваат неидентификувани (на пр. биткоин, монеро).[22] Некои остануваат вклучени во одржувањето и подобрувањето на кодот на криптовалутата и на основниот алгоритам (во принцип без овластувања на администраторот), додека други едноставно исчезнуваат (на пр. Биткоин).[23]

Издавачите можат да генерираат единици на виртуелната валута. Во зависност од дизајнот на виртуелната валута, вкупниот волумен на издавање може да е однапред одреден или да зависи од побарувачката. Кај централизираните виртуелни валути, издавачите често се администратори на виртуелните валути.[24] Администратор е лице (или субјект) кое се занимава со издавање (пуштање во оптек) на централизирана виртуелна валута,

20 ФАТФ Guidance for a Risk-based Approach to Virtual Currencies, јуни 2015, стр. 27 и 28

21 ЕЦБ, „Virtual Currency Schemes – a further analysis“, февруари 2015, стр. 7 **https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencyschemesen.pdf**

22 R. HOUBEN and A. SNYERS, „Crypto currencies and blockchain, Legal context and implications for financial crime, money laundering and tax evasion“, European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, јули 2018, стр. 28 (достапно електронски на **https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/150761/TAX3%20Study%20on%20cryptocurrencies%20and%20blockchain.pdf**)

23 ЕЦБ, „Virtual Currency Schemes – a further analysis“, февруари 2015, стр. 7 **https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencyschemesen.pdf**

24 Ibid.

утврдувајќи ги правилата за нејзина употреба; кое ја одржува централниот платежен регистар; и има овластување да ја откупи (повлече од оптек) виртуелната валута.

## 2.2. Рударство (копање) и рудари

**Рударството (копањето)** е процес на создавање на нови виртуелни валути преку решавање на комплицирани математички проблеми со користење на компјутери со високи перформанси. Резултатот од копањето е двоен. Прво, кога компјутерите ги решаваат овие сложени математички проблеми на мрежата на виртуелната валута, тие произведуваат нови виртуелни валути. И второ, со решавање на компјутерски математички проблеми, се проверуваат информациите за трансакцијата, со што се овозможува доверлива и безбедна мрежа. Трансакција е движењето на виртуелната валута од една сметка на друга, така што во процесот на рударство се врши проверка на претходната историја на трансакции со проверка како виртуелните валути пристигнале на јавната адреса што сега го прави трансферот. Трансакциите се здружуваат во „блокови“ и се додаваат во јавен запис наречен блокчејн.[25]

Блокчејн е систем на зачувување на информации на начин што го отежнува или оневозможува менувањето, хакирањето или измамувањето на системот. Тоа е еден вид база на податоци, каде што информациите се собираат во групи, познати и како блокови. Секој блок во синџирот содржи одреден број на трансакции и секогаш кога ќе се случи нова трансакција на блокчејнот, записот за таа трансакција се додава во регистарот на секој учесник. Блоковите имаат одредени капацитети за складирање и, кога се пополнуваат, се врзуваат со синџир (chain) на претходно пополнетиот блок, формирајќи синџир на податоци - оттука и името „блокчејн“.[26]

Сепак, блокчејн технологијата може да се користи во многу поштироки размери. Со својата способност да создаде поголема транспарентност и правичност, а истовремено да им заштеди време и пари на бизнисите, технологијата влијае на различни сектори кои се движат од тоа како се спроведуваат договорите до поефикасно работење на владата.[27] Неколку примери за таква употреба се во следните области: трансфер на пари и обработка на плаќања, следење на синџирите на снабдување, програми за малопродажба засновани на награди за лојалност, дигитални лични карти, споделување податоци, заштита на лојалност и авторски права, дигитално

25 https://www.investopedia.com/terms/b/bitcoin-mining.asp

26 https://cointelegraph.com/bitcoin-for-beginners/how-does-blockchain-work-a-beginners-guide-to-blockchain-technology

27 https://builtin.com/blockchain/blockchain-applications

гласање, пренос на недвижен имот, безбедност на храна и непроменлива резервна копија на податоци.[28]

Субјектите кои го вршат процесот на рударство се познати како „рудари“. **Рудар** е поединец или субјект кој учествува во децентрализирана мрежа на виртуелни валути со водење специјален софтвер за решавање на сложени алгоритми во дистрибуиран доказ за работа или во друг дистрибуиран систем за докажување[29] кој се користи за валидација на трансакции во системот на виртуелни валути.[30] Кога рударите на виртуелни валути додаваат нов блок на трансакции во блокчејнот, дел од нивната работа е да се уверат дека тие трансакции се точни. Особено, рударите се грижат виртуелните валути да не се дуплираат, уникатна карактеристика на дигиталните валути наречена двојно трошење.

Трансакциите на виртуелните валути технички се разликуваат од банкарските трансакции и не го создаваат истиот збир на податоци што го создаваат банкарските трансакции. Виртуелните валути се пренесуваат од една јавна адреса (онаа на исплатувачот) на друга (онаа на давателот на услуги) и оваа трансакција, откако ќе се потврди, се вклучува во блокчејнот.

Секоја трансакција се состои од:

1. Лична идентификација на трансакција (хаш вредност)
2. Број на испратени виртуелни валути
3. Провизија за трансакција
4. Еден или повеќе влезови на трансакција (познати како UTXO)[31] или адреса(и) на испраќачот
5. Еден или повеќе излези на трансакција (една или повеќе адреси на примачот и можеби една или повеќе адреси за поврат на остатокот).[32]

## 2.3. Корисник

Корисник е лице/субјект кое добива виртуелна валута и ја користи за купување реални или виртуелни добра или услуги или за трансфер во

---

28 **https://www.analyticsinsight.net/real-world-applications-of-blockchain-technologies/**

29 Етериум разви систем за доказ за удел наместо доказ за работа - **https://ethereum.org/en/developers/docs/consensus-mechanisms/pos/**

30 ФАТФ „Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks“, јуни 2014, стр. 7 и 8 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**

31 UTXO: Unspent Transaction Output. Повеќе информации на: **https://en.wikipedia.org/wiki/Unspent_transaction_output**

32 „Guide on seizing cryptocurrencies“, Cybercrime program office of Council of Europe, февруари 2021, стр. 13

личен посед на друго лице (за лична употреба), или кое ја држи виртуелната валута како (лична) инвестиција. [33]

Корисниците можат да се стекнат со виртуелна валута на неколку начини. На пример, тие можат (1) да купат виртуелна валута, користејќи реални пари (од разменувач или, за одредени централизирани виртуелни валути, директно од администраторот/издавачот); (2) да се вклучат во специфични активности кои генерираат плаќања во виртуелна валута (на пр., со правење промоции, пополнување онлајн анкета, обезбедување вистинско или виртуелно добро или услуга); (3) со некои децентрализирани виртуелни валути (на пр. биткоин), самостојно да генерираат единици на валутата со нивно „копање“ и да ги примат како подароци, награди или како дел од бесплатна почетна дистрибуција.[34] Така, рударите може да бидат и корисници, доколку сами генерираат конвертибилна виртуелна валута исклучиво за свои цели, на пр., да ги чуваат за инвестирање или да ги користат за плаќање постоечка обврска или за купување добра и услуги.

## 2.4. Разменувач

**Разменувач** (исто така понекогаш се нарекува и разменувач на виртуелни валути) е лице или субјект кое има бизнис улога во размената на виртуелната валута за вистинска валута, средства или други форми на виртуелна валута, а исто така и благородни метали, и обратно, за одредена такса (провизија). Разменувачите генерално прифаќаат широк опсег на плаќања, вклучувајќи готовина, уплата на сметка, кредитни картички и други виртуелни валути, и можат да бидат поврзани со администратор, да не се поврзани со администратор или давателот на услуги да е трета страна. Разменувачите можат да дејствуваат како берза или како менувачница. Поединците обично користат разменувачи за депонирање и повлекување пари од сметките на виртуелната валута.[35]

Рударите исто така можат да учествуваат во системот на виртуелни валути како разменувачи, создавајќи ја виртуелната валута како бизнис со цел да ја продадат за фиат валута или за друга виртуелна валута.

Треба да се забележи дека постои разлика помеѓу **платформите за разменување** на виртуелни средства кои се пазари каде што корисниците можат да се најдат за да заменат виртуелни валути за традиционални пари

33 ФАТФ „Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks“, јуни 2014, стр. 7 и 8 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**

34 Ibid.

35 Ibid.

или за други виртуелни валути и обратно, и разменувачите. Постојат многу разлики во технологијата и финансиските прашања помеѓу платформите за разменување и разменувачите. Но, главната разлика меѓу нив е фактот што кога се повикувате на разменувач, вие вршите трговски операции со него, додека на платформите за разменување купувате и продавате криптовалути, не од самата платформа за разменување (која само обезбедува пристап до пазарот за тргување), туку во соработка со приватните сопственици на криптовалутите и фиат средствата.[36]

Главната цел на платформите за разменување на криптовалути е играње со цената на средството, а не на размената на една монета во друга. Зборуваме за трговски сигнали, кои ги генерира понудата на цената на вашите средства. Платформите за разменување на криптовалути мораат да бидат лиценцирани во земјите во кои работат и таквите детални податоци за клиентите се услов за регулаторите.[37] Повеќето од услугите кои ги нудат платформите за разменување бараат од вас да ја поминете целосната регистрација, вклучувајќи детали за пасош, домашна адреса и многу повеќе. Кога станува збор за разменувачите, кај некои разменувачи, не се бара да се регистрирате. Во овие случаи, разменувачот не е заинтересиран за вашето работно место и вашето вистинско име - тоа е само брза и лесна опција за купување или продавање на криптовалутата.[38]

Како што беше споменато претходно во овој Прирачник, обидувајќи се да го прошири опсегот на постојните дефиниции и да ги приспособи на новите и идните технолошки достигнувања, ФАТФ ја усвои дефиницијата за виртуелни средства и следствено на тоа и дефиницијата за **давател на услуги за виртуелни средства**. Така, давател на услуги за виртуелни средства е секое физичко или правно лице кое не е опфатено на друго место со препораките и како бизнис спроведува една или повеќе од следните активности или операции за или во име на друго физичко или правно лице:

а. размена помеѓу виртуелни средства и фиат валути;
б. размена помеѓу една или повеќе форми на виртуелни средства;
в. трансфер на виртуелни средства;
г. чување и/или администрација на виртуелни средства или инструменти кои овозможуваат контрола над виртуелните средства; и
д. учество во и обезбедување финансиски услуги поврзани со понудата на издавачот и/или продажбата на виртуелно средство.

36 **https://cryptocurrencyhub.io/exchanger-vs-exchange-which-one-to-choose-73af890dea0a**
37 На пример Coinbase (CB Payments Ltd.) е регистрирана во Обединетото Кралство
38 **https://cryptocurrencyhub.io/exchanger-vs-exchange-which-one-to-choose-73af890dea0a**

Во овој контекст на виртуелни средства, трансфер значи да се спроведе трансакција во име на друго физичко или правно лице кое преместува виртуелно средство од една адреса или сметка на виртуелно средство на друга.[39]

Јасно е дека, во однос на горенаведената дефиниција, платформите за разменување се сметаат за виртуелни даватели на услуги и затоа се обврзани со препораките на ФАТФ. Од гледна точка на кривична истрага, податоците и записите што платформите за разменување како даватели на виртуелни средства се обврзани да ги држат и чуваат според препораките на ФАТФ можат да се покажат како вредна истражна алатка за органите на прогонот.

## 2.5. Платформи за тргување

Покрај берзите на криптовалути, таканаречените „платформи за тргување" исто така играат важна улога во размената на криптовалути (и, најзначајно, им овозможуваат на корисниците на криптовалути да купуваат монети со готовина).[40] Платформите за тргување функционираат како пазари, здружувајќи ги купувачите и продавачите на виртуелни валути и обезбедувајќи им платформа на која тие можат да понудат и да наддаваат меѓу себе, односно директно да тргуваат меѓу себе. Меѓутоа, за разлика од берзите, платформите за тргување не се занимаваат сами со купување и продавање. Некои трговски платформи, како што е www.localbitcoins.com, им даваат на своите клиенти можност да ги лоцираат потенцијалните клиенти во близина.[41]

## 2.6. Паричник за виртуелни валути

Паричникот за виртуелни валути е средство (софтверска апликација или друг механизам/медиум) за чување, складирање и трансфер на биткоини или на други виртуелни валути.[42] Некои паричници се направени за една

39 ФАТФ Guidance for Risk-based Approach to Virtual Assets and Virtual Asset Service Providers, јуни 2019 стр. 57 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/recommendations/RBA-VA-VASPs.pdf**

40 R. HOUBEN and A. SNYERS, "Crypto currencies and blockchain, Legal context and implications for financial crime, money laundering and tax evasion", European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, јули 2018, стр. 27 (достапно електронски на **https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/150761/TAX3%20Study%20on%20cryptocurrencies%20and%20blockchain.pdf**).

41 ЕЦБ, "Virtual Currency Schemes – a further analysis", февруари 2015, стр. 8 **https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencyschemesen.pdf**

42 FATF "Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks", јуни 2014, стр. 7 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**

криптовалута, некои можат да се користат за повеќе од една монета, некои паричници ќе ги управувате сами, а некои (како оние што се наоѓаат на платформите за разменување) ќе бидат со старателство од трета страна.[43]

Секој тип на паричник е малку различен, но генерално, секој паричник ќе работи со една или со повеќе криптовалути и ќе може да складира една или повеќе „јавни адреси" специфични за криптовалутите. Освен јавните адреси, паричникот за виртуелни валути ги содржи јавните и приватните клучеви за секоја од јавните адреси.

**Јавните адреси (познати како адреси на виртуелни валути)** се како специфични броеви на сметки на виртуелната валута; тие можат да се користат за примање специфичен тип на виртуелна валута (на пр. за да добиете биткоин, потребна ви е адреса на биткоин) и можат да се споделат јавно. Секоја јавна адреса упатува кон сите трансакции поврзани со таа адреса на блокчејнот. Овие адреси ги знаат сите корисници на блокчејнот и можат да се споредат со број на банкарска сметка, иако секој може да се информира за салдото.[44] Јавните адреси се хаш верзии на јавните клучеви.

**Јавните клучеви** се криптографски кодови кои им овозможуваат на корисниците да примаат пораки, монети или токени и главно се користат за споделување. Со испраќање на овие средства со јавен клуч, тие се претвораат во различен формат - формат што не е читлив за луѓе коишто не се наменети да бидат примачи (оние кои го немаат приватниот клуч). Јавните клучеви често доаѓаат во форма на долги низи од алфанумерички знаци.[45] Јавниот клуч е дизајниран да го идентификува корисникот и да ја генерира адресата на виртуелната валута на корисникот, овозможувајќи им на корисниците да примаат пораки, монети или токени. Јавниот клуч е исто така математички неповратно изведен од вашиот приватен клуч (неповратно, бидејќи и на најмоќниот светски суперкомпјутер би му биле потребни многу трилиони години за преку користењето на обратна математика да успее да го изведе приватниот клуч од јавниот клуч).[46]

**Приватен клуч** е шифра од букви, бројки и/или симболи коишто се користат за иницирање трансакции (трансфери) со виртуелни валути. Приватниот клуч делува како сигурносна брава за одредена адреса на виртуелна валута и е донекаде сличен на лозинката за банкарска сметка. Сопственикот (или корисникот) на овој клуч има пристап до салдото на виртуелната валута

---

43 **https://cryptocurrencyfacts.com/what-is-a-cryptocurrency-wallet/**

44 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

45 **https://paxful.com/blog/what-are-public-keys-private-keys-wallet-address/**

46 Ibid.

поврзана со одредена адреса на виртуелната валута, така што лицето што го поседува приватниот клуч може слободно да ја пренесе виртуелната валута од адресата со која е поврзан приватниот клуч на која било друга адреса. Бидејќи приватниот клуч дава пристап до адресата на виртуелната валута и дозволува трошење на виртуелните валути, од суштиска важност е никогаш да не се изгуби или открие приватниот клуч никому. Лицето што го има приватниот клуч ги има на располагање виртуелните валути.[47]

Во суштина, приватниот клуч ја дешифрира содржината на јавниот клуч, овозможувајќи му на сопственикот на приватниот клуч да пристапи до дешифрираната содржина. Така, докажувањето дека ја поседувате адресата се врши со приватен клуч во паричниците без старателство. Во паричници со старателство, старателот (трето лице како платформа за разменување, брокер итн.) го има клучот за вас, а вие треба само да ја внесете вашата лозинка во нивната апликација за паричник.[48]

Паричникот стандардно доаѓа со адреса, која се разликува од јавните адреси опишани погоре.[49] Паричникот ви овозможува да гледате салда поврзани со адресата и ви овозможува да преместувате средства низ блокчејнот сѐ додека сте сопственик на адресата.

Паричникот за криптовалути може да се состои од низа различни јавни адреси. Фактот дека се нарекува паричник може да биде малку погрешен, бидејќи всушност не ги чува сите ваши кредитни картички на начин како што на пример тоа го прави Епл Пеј (Apple Pay). Всушност, паричникот за криптовалути е posличен на привезок за клучеви бидејќи содржи копија од секој приватен клуч и неговата соодветна адреса. Значи, без оглед на тоа дали поседувате само биткоин или етериум или мноштво на неколку различни криптовалути, сѐ што треба да направите е да го отворите вашиот паричник за да добиете пристап до сите различни адреси содржани во него.[50]

Постојат различни начини на кои можете да пристапите до вашиот паричник со криптовалути: на компјутер, на прелистувач или со користење физички паричник. Инаку, познати како „ладно складирање“, физичките паричници се побезбедни бидејќи се офлајн и помалку подложни на хакери. Паричниците на веб и мобилните/десктоп паричници се нарекуваат и онлајн или топли паричници.

47 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

48 **https://cryptocurrencyfacts.com/what-is-a-cryptocurrency-wallet/**

49 За повеќе информации одете на **https://medium.com/hackernoon/crypto-wallet-vs-address-54f7fb980bd3**

50 **https://thenextweb.com/news/the-differences-between-a-bitcoin-wallet-and-an-address**

Кај **веб-паричник** пристапот до виртуелните валути (приватен клуч - јавна адреса) се чува онлајн кај одреден давател на услуги. Предноста тука е што виртуелните валути се веднаш достапни за корисникот. Недостаток е што ако некој добие нелегален пристап до системот на давателот на услугата, тој или таа исто така има пристап до виртуелните валути. Дополнително, постои и шанса некој див давател на услуги да ги проневери виртуелните валути на клиентите.[51] Специфичен тип на веб-паричник е темниот паричник (dark wallet), кој е паричник базиран на екстензија која се инсталира на прелистувачот и кој се обидува да обезбеди анонимност на трансакциите со биткоин со инкорпорирање на следните карактеристики: автоанонимизатор (миксер); децентрализирано тргување; нецензурирачки платформи за групно финансирање (crowd funding); берзански платформи и информативни црни пазари; и децентрализирани пазарни места.[52]

Кај **мобилен или десктоп паричник** пристапот до виртуелните валути (приватен клуч - јавна адреса) е зачуван во системот на корисникот (паметен телефон/таблет или десктоп компјутер, соодветно) преку апликација или програма без разлика дали е заштитена со лозинка или не.[53]

Кај физички паричник пристапот до виртуелните валути не е достапен онлајн. Предноста тука е што виртуелните валути се безбедни од можни хакери, но за возврат повлекува зголемен ризик од загуба доколку се изгуби или украде физичкиот носител на кој се складирани овие клучеви. Пример за таков систем е **хардверски паричник**, каде што приватните клучеви се на посебен уред.[54]

Има и **хартиен паричник**, каде што јавната адреса и приватниот клуч се достапни на хартија. Овој медиум јасно може лесно да се копира, така што секој што го има може да пристапи до виртуелните валути на предметната јавна адреса. Меѓутоа, понекогаш приватниот клуч се печати шифриран. Во тој случај, приватниот клуч мора прво да се направи читлив со посебен клуч.[55]

Познавањето на типот на паричникот за кој станува збор ќе одреди како може да се добие пристап до виртуелните валути. Овде треба да се забележи дека приватниот клуч, дискутиран погоре, не се користи за пристап до паричникот, туку за пристап до адреса на виртуелна валута што е зачувана во паричникот.

51 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

52 ФАТФ “Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks”, јуни 2014, стр. 7 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**

53 Ibid.

54 Ibid.

55 Ibid.

## 2.7. Давател на паричник

Давател на паричник е субјект кој обезбедува паричник за виртуелна валута (т.е. средство - софтверска апликација или друг механизам/медиум за чување, складирање и трансфер на биткоин или на друга виртуелна валута).[56] Едноставно кажано, паричникот ги чува приватните клучеви на корисникот на виртуелната валута. Давателот на паричник обично ја преведува историјата на трансакции на корисникот на виртуелната валута во лесно читлив формат, кој изгледа многу како обична банкарска сметка.[57] Исто така, го одржува билансот на виртуелната валута на корисникот и генерално обезбедува безбедност на складирањето и трансакциите.[58]

Имајќи предвид дека постојат различни типови на паричници, како што е објаснето погоре, во реалноста, постојат неколку видови даватели на паричници:

- Даватели на хардверски паричник кои на корисниците на криптовалути им обезбедуваат специфични хардверски решенија за приватно складирање на нивните криптографски клучеви (на пр. Ledger Wallet...);
- Даватели на софтверски паричник кои на корисниците на криптовалути им обезбедуваат софтверски апликации кои им овозможуваат пристап до мрежата, испраќање и примање монети и локално зачувување на нивните криптографски клучеви (на пр. Jaxx);
- Даватели на паричник со старателство кои го преземаат (онлајн) старателството на криптографските клучеви на корисникот на криптовалути (на пр. Coinbase).[59]

---

56 ФАТФ "Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks", јуни 2014, стр. 7 и 8 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**

57 R. HOUBEN and A. SNYERS, "Crypto currencies and blockchain, Legal context and implications for financial crime, money laundering and tax evasion", European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, јули 2018, стр. 27 (електронски достапно на **https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/150761/TAX3%20Study%20on%20cryptocurrencies%20and%20blockchain.pdf**).

58 ФАТФ "Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks", јуни 2014, стр. 7 и 8 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdfhttps://www.europarl.europa.eu/cmsdata/150761/TAX3%20Study%20on%20cryptocurrencies%20and%20blockchain.pdf**).

59 R. HOUBEN and A. SNYERS, "Crypto currencies and blockchain, Legal context and implications for financial crime, money laundering and tax evasion", European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, јули 2018, стр. 27 (електронски достапно на **https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/150761/TAX3%20Study%20on%20cryptocurrencies%20and%20blockchain.pdf**).

Давателите на паричници, кои функционираат како платформа за разменување, според дефиницијата на ФАТФ спаѓаат во виртуелни даватели на услуги.

## 2.8. Семе

Кај виртуелните валути, семе за обновување, или накратко „семе“, е список на зборови во одреден редослед којшто ги складира сите информации потребни за обновување на пристапот до паричникот за виртуелни валути. Вообичаено, семето е листа на зборови генерирани по случаен избор, обично се состои од помеѓу 10 и 24 зборови. Со семето за обновување можете да пристапите до паричникот и да ги вратите приватните и јавните клучеви кои се наоѓаат во паричникот. Чувањето на семето за обновување на безбедно место и само за себе е клучно за долгорочна безбедност на виртуелните средства на корисникот. Така, семето може да се чува во пишана или печатена форма или во различен тип на електронски датотеки (текст, pdf, слика) на компјутерот или на електронскиот уред на корисникот.[60]

## 2.9. Овозможувачи на плаќања

Овозможувачите на плаќања нудат можност за плаќање со виртуелни валути при купување производи или услуга за конвертирање на виртуелната валута во друга валута и потоа реализација на плаќањето на (онлајн) продавачот. Тие многу често ги чуваат сите вклучени податоци.[61]

Овозможувачите на плаќања, исто како платформите за размена и давателите на паричници, според дефиницијата на ФАТФ спаѓаат во виртуелни даватели на услуги.

## 2.10. Анонимизатор (алатка за анонимизирање)

Анонимизатор се однесува на алатки и услуги, како што се темни мрежи и миксери, дизајнирани да го прикријат изворот на трансакцијата на виртуелната валута и да ја олеснат анонимноста. (Примери: Tor (темна мрежа); темен паричник (темна мрежа); Bitcoin Laundry (миксер)).[62]

60 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

61 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

62 ФАТФ “Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks”, јуни 2014, стр. 6

## 2.11. Миксери и тамблери

Поради блокчејн технологијата, криптовалутите имаат јавно видлив регистар на сите трансакции каде што може да се следат сите парични текови. Миксерите и тамблерите се дизајнирани да ја зголемат анонимноста и да им овозможат на корисниците повторно да ја воспостават својата финансиска приватност кога користат криптовалути.

Миксер (или тамблер) е секој сервис којшто овозможува мешање на криптовалутите и токените со цел да го прикрие нивното следливо потекло. Сопственикот на криптовалутата ги префрла парите во сервисот за мешање, која ги меша со оние на другите корисници и ја пренесува измешаната валута на саканата адреса, што значи дека нема врска помеѓу оригиналната трансакција и оваа адреса.

Миксерот или тамблерот испраќа трансакции преку сложена, полуслучајна серија на лажни трансакции што го отежнува поврзувањето на одредени виртуелни монети (адреси) со одредена трансакција. Сервисите за мешање работат со примање инструкции од корисник за испраќање средства на одредена биткоин-адреса. Сервисот за мешање потоа ја „спојува“ оваа трансакција со други кориснички трансакции, така што станува нејасно кому корисникот сакал да ги насочи средствата. (Примери: Bitmixer.io; SharedCoin; Blockchain.info; Bitcoin Laundry; Bitlaunder; Easycoin).[63]

Постојат различни видови решенија кога станува збор за миксери. Централизираните миксери се сервиси во приватна сопственост кои за одредена такса ја примаат вашата монета и назад испраќаат различни монети за плаќање.[64] Ако многу луѓе користат одреден сервис за мешање, станува сѐ потешко за некој однадвор да ги поврзе која било од „дојдовните“ монети со која било од „појдовните“ монети. Ова ја прекинува трагата на трансакцијата, нудејќи им приватност на корисниците.[65]

Централизираните миксери имаат пристап до вашите биткоини и ИП-адреси. Тие на крајот знаат која адреса ги испратила и примила кои монети и чуваат записи и податоци. Од законска гледна точка, овие

63 Ibid.

64 **https://en.cryptonomist.ch/2020/08/15/bitcoin-mixers-centralized-decentralized/**

65 **https://bitcoinmagazine.com/guides/what-are-bitcoin-mixers**

информации можат да се побараат од миксерот.[66] Сепак, треба да се забележи дека некои централизирани сервиси за мешање како BitcoinMix.org не чуваат записи и не собираат лични податоци за корисникот и се целосно автоматизирани.

Децентрализираните миксери се peer-to-peer сервиси за мешање достапни на понапредните блокчејн платформи. Овие миксери се обидуваат да ги поправат недостатоците на централизираното мешање. Поединци се здружуваат и ги здружуваат своите монети за да направат една значајна трансакција, а монетите по случаен избор им се враќаат на сите членови што учествувале во здружувањето. Колку е поголем бројот на корисници кои се здружуваат, толку е поголема рандомизацијата. Најпопуларните миксери без старателство ги вклучуваат Wasabi Wallet и Samourai Whirlpool.[67] Најчестиот протокол кој го користат децентрализираните миксери е познат како CoinJoin. CoinJoin има за цел да ја подобри приватноста преку координирање на влезовите на повеќе корисници во една трансакција. Трансакцијата добива повеќекратни излези кои го прикриваат потеклото на монетите. Сепак, некои CoinJoin протоколи имаат лесно препознатливи шаблони на блокчејнот и сервисите кои нудат анализа на блокчејнот можат да го деанонимизираат испраќачот кој користел CoinJoin.[68]

## 2.12. Tor

Tor, кратенка од „The Onion Router“ е подземна дистрибуирана мрежа на компјутери на интернет која ги прикрива вистинските ИП-адреси, а со тоа и идентитетите на корисниците на мрежата, со рутирање на комуникациите/трансакциите низ повеќе компјутери низ светот и нивно обвиткување во бројни слоеви на енкрипција. Tor го отежнува физичкото лоцирање на компјутерите што хостираат или пристапуваат до веб-страници на мрежата. Оваа тешкотија може да се влоши со употреба на дополнителни тамблери или анонимизатори на мрежата Tor. Tor е една од неколкуте подземни

66 Сите интеракции направени преку платформата за мешање можат да ги добијат агенциите за прогон, како што се ИП-адреси, детали за трансакциите, адреси на биткоин и чат пораки. Таков пример е сопирањето на една од водечките светски услуги за мешање криптовалути Bestmixer.io. Повеќе на: **https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/multi-million-euro-cryptocurrency-laundering-service-bestmixerio-taken-down**
Треба да се напомене дека во САД мешач може да биде повикан на одговорност за овозможување на перење пари. Таков пример е случајот со Helix. Повеќе на: **https://www.justice.gov/opa/pr/ohio-resident-pleads-guilty-operating-darknet-based-bitcoin-mixer-laundered-over-300-million**

67 Мешачите без старателство се софтверски алатки хостирани од корисникот, услуги кои не се од трета страна кои ги преземаат средствата на корисниците, каде што услугите за мешање се дел од паричникот

68 **https://en.cryptonomist.ch/2020/08/15/bitcoin-mixers-centralized-decentralized/**

дистрибуирани компјутерски мрежи, често нарекувани темни мрежи, cypherspace, Deep web или анонимни мрежи, кои поединците ги користат за пристап до содржината на начин дизајниран да го прикрие нивниот идентитет и поврзаната интернет-активност.[69]

## 2.13. ВПН

Виртуелната приватна мрежа (ВПН) ви дава приватност на интернет и анонимност преку создавање приватна мрежа од јавна интернет-конекција. ВПН ја маскира адресата на вашиот интернет-протокол (ИП) така што вашите онлајн дејства практично не се следат. Што е најважно, ВПН-услугите воспоставуваат безбедни и шифрирани врски за да обезбедат поголема приватност дури и од заштитен Wi-Fi hotspot.[70]

## 2.14. Биткоин

Биткоин е првата децентрализирана конвертибилна виртуелна валута и првата криптовалута. Биткоин е збир на сметководствени единици составени од уникатни низи на броеви и букви кои сочинуваат единици на валутата и имаат вредност само затоа што индивидуалните корисници се подготвени да платат за нив. Со биткоини може дигитално да се тргува помеѓу корисници со висок степен на анонимност и може да се разменуваат (купат или да се исплатат) во која било фиат или виртуелна валута.[71]

## 2.15. Алткоин

Алткоин (алтернативни монети) е термин кој се користи за опишување на сите математички базирани децентрализирани конвертибилни виртуелни валути, освен биткоин. Нивното име доаѓа од фактот дека се алтернатива на биткоин и традиционалните фиат пари. Во зависност од нивната функционалност и од механизмите за консензус, алткоините може да се подредат во различни категории. Треба да се забележи дека е можно алткоин да спаѓа во повеќе од една категорија. Главните типови на алткоин вклучуваат криптовалути засновани на копање, стабилни монети, безбедносни токени и комунални токени. [72]

69 ФАТФ “Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks”, јуни 2014, стр. 6

70 **https://us.norton.com/internetsecurity-privacy-what-is-a-vpn.html**

71 ФАТФ “Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks”, јуни 2014, стр. 5 и 6 **https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf**

72 **https://www.investopedia.com/terms/a/altcoin.asp**

Треба да се напомене дека постои разлика помеѓу криптовалутите и токените. Токени се оние криптосредства кои на своите сопственици им нудат одредени економски и/или управувачки и/или кориснички/потрошувачки права. Општо кажано, тие се дигитални репрезентации на интереси или права на (пристап) до одредени средства, производи или услуги. Токените обично се издаваат на постоечка платформа или блокчејн за да се подигне капиталот за нови претприемачки проекти или за финансирање на нови бизниси или развој на нови (технолошки) иновативни услуги.[73]

### 2.15.1 Криптовалути базирани на копање

Како што покажува нивното име, алткоините базирани на копање се создаваат со копање. Рударите решаваат сложени математички загатки за истовремено да ги потврдат трансакциите, да создадат блокови и да ископаат нови монети. Повеќето алткоини базирани на копање користат Proof-of-Work (PoW), метод во кој системите генерираат нови монети со решавање на тешки проблеми, со цел да создадат блокови. На врвот на листата на алткоини базирани на рударство се Litecoin (LTC), Monero (XMR), Ethereum Classic (ETC) и DASH.[74]

Алтернатива на алткоините кои се базираат на копање се алткоини кои содржат претходно креирани монети. Таквите монети не се произведуваат преку алгоритам, туку се дистрибуираат пред да се појават на пазарот на криптовалути. Пример за претходно креирана монета е Ripple's XRP.

### 2.15.2 Стабилни монети

Стабилните монети се монети кои се врзани за множество од добра, како што се фиат валути, благородни метали, стоки со кои се тргува на берза, хартии од вредност или други криптовалути. Ова множество од добра е наменето да дејствува како резерва за обесштетување на сопствениците доколку криптовалутата пропадне или се соочи со проблеми.

Стабилните монети имаат мала нестабилност на цените, бидејќи нивната вредност зависи од реални добра и флуктуациите на цените за стабилните монети не треба да надминат одреден тесен опсег. Така, овие монети обезбедуваат стабилност во однос на цената, што ги прави совршена опција за тргување со криптовалути.

Додека Tether (USDT) е најшироко користена стабилна монета, други алтернативни монети во оваа категорија се USDCoin (USDC), Maker (MKR) и DAI.

73 “Crypto-assets, Key developments, regulatory concerns and responses”, Prof. Dr. Robby Houben and Alexander Snyers, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies, Европски парламент, април 2020 стр. 18

74 https://www.investopedia.com/terms/a/altcoin.asp

### 2.15.3. Безбедносни токени

Безбедносните токени се слични на хартиите од вредност со кои се тргува на берзите, освен што имаат дигитално потекло. Овие алтернативни монети делуваат како дигитални финансиски хартии од вредност што инвеститорите можат да ги добијат преку иницијалните понуди на монети (ICO). Со инвестирање во нив, имателите на токени уживаат право на глас, дивиденди, зголемување на вредноста и деловна сопственост во компанијата. Треба да се напомене дека овие дигитални монети целосно се во согласност со владините регулативи. Така, имајќи ја предвид можноста за зголемување на цената на таквите токени и нивните карактеристики, институционалните инвеститори имаат доверба и инвестираат во овие токени.

Примери на безбедносни токени се ASPD, EXOD, OSTKO и TZROP.

### 2.15.4 Комунални токени

Овие алтернативни монети не се за инвестициски цели, туку им овозможуваат на имателите на токени да купуваат производи и услуги или да откупат награди во рамките на одредена платформа. За разлика од безбедносните токени, комуналните токени не исплаќаат дивиденди или дел од сопственичкиот удел, туку им даваат на корисниците право да гласаат и да дадат повратни информации за производите што ги користат додека учествуваат во екосистемот на предметниот блокчејн. Filecoin, кој се користи за купување простор за складирање на мрежа, е пример за комунален токен.

## 3. Како концептот на виртуелни валути се применува во пракса?

Постојат многу упатства и графикони кои детално го објаснуваат техничкиот аспект за тоа како концептот на виртуелни валути се применува во пракса.[75]

Сепак, имајќи го предвид фокусот на овој прирачник, понатаму ќе се осврнеме само на нивната улога во кривичните постапки.

75 Таков пример е даден на графиконот и може да прочитате повеќе во ФАТФ Guidance on Risk Based Approach on Virtual Currencies, јуни 2015 стр. 39 **https://thumbnails-visually.netdna-ssl.com/bitcoin-infographic_5029189c9cbaf.jpg**

# III. Важност на виртуелните валути во кривични постапки

Од гледна точка на кривична постапка, виртуелните валути можат да бидат предмети употребени за и предмети настанати од извршување на кривично дело, тие можат да бидат имотна корист стекната со извршување на кривично дело и може да се користат како доказ.[76] Во кој било од овие случаи, органите за прогон прво мора да ги откријат, а потоа да ги обезбедат виртуелните валути. Следствено, органите за прогон треба да имаат специфично знаење и разбирање за процесот на откривање и процесот на воспоставување контрола над виртуелните валути.

За пристап до виртуелните валути и контрола неопходно е поседување на јавниот клуч/адреса и соодветниот приватен клуч. Откако тие ќе се обезбедат, виртуелните валути можат да бидат одземени од осомничениот. Одземањето е целосно само кога виртуелните валути се префрлени на друга адреса, која не е под контрола на осомничениот или на неговите соучесници.[77]

## 1. ОТКРИВАЊЕ НА ВИРТУЕЛНИТЕ ВАЛУТИ ВО КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ И ДОБИВАЊЕ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ И ДОКАЗИ

Откривањето на присуството и употребата на виртуелни валути во кривичните постапки е првиот чекор што треба да го направат органите на прогонот. Но, главното прашање е што конкретно да се бара?

Имајќи предвид како функционира технологијата зад виртуелните валути, **опремата за копање, адресите/јавните клучеви на виртуелните валути**, како и **приватните клучеви** и **списоците каде се запишани зборовите на**

76 На пр. како што беше објаснето во претходното поглавје, постојат виртуелни валути кои работат на блокчејн технологија. Оваа технологија содржи многу информации кои во кривична постапка може да се користат како доказ (на пр. информации за претходни трансакции)

77 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

**семето** се од интерес за органите на прогонот. Кога станува збор за јавна адреса, треба да се забележи дека јавната адреса исто така може да се консултира во секое време и преку отворени извори.

Како што е објаснето погоре, приватните и јавните клучеви/адреси можат да се најдат во **паричникот за виртуелни валути** на една личност. Имајќи го ова предвид, една од клучните информации што треба да ги открие истрагата е можниот изглед на паричникот. Исто така, треба да се забележи дека некои паричници може да бидат заштитени со ПИН-кодови, така што освен паричникот, неопходно е да се бараат **лозинки и ПИН-кодови**. Не смеат да се занемарат и **кју-ар-кодовите** каде што може да се чуваат лозинките.

Постојат различни истражни активности кои можат да се извршат со цел да се пронајдат потребните докази како што се претреси (претрес на дом/простории, лица или пребарување на компјутерски систем), испрашување на осомничениот и сведоци или спроведување на онлајн истраги.

Пред да се спроведат какви било истражни активности треба да се направи соодветно истражно планирање и да се развие истражна стратегија. На пример, лозинките или ПИН-кодовите можат да се најдат на различни места како што се: под тастатура, на парче хартија, во роковник итн., затоа е важно да се добие налог за претрес што ќе овозможи одземање на лозинките, ПИН-кодовите итн. заедно со медиумот на кој се зачувани.

Пристапот до криптовалутите преку приватниот/приватните клуч/еви или фразата (комбинацијата на карактери) на семето може да се најде локално, на пр. на десктоп компјутер (т.е. на паричник без старателство, како што е Electrum) или може да се складира некаде онлајн на паричник со старателство во истата или во друга јурисдикција.[78] Така, бидејќи паричниците се појавуваат во различни форми, неопходно е органите на прогонот да можат да препознаат за кој тип на паричник станува збор. Видот на паричникот ќе влијае врз изборот на истражна активност која треба да се изврши во конкретниот случај.[79] Така, може да се случи првичниот претрес во кривичната постапка да обезбеди информации за постоењето и видот на паричникот и врз основа

78 “Guide on seizing cryptocurrencies”, Cybercrime program office of Council of Europe, февруари 2021, стр. 21

79 Водичот за виртуелни валути на ЕЈЦН за судските власти содржи графички преглед на истражните активности што можат да се направат во зависност од видот на паричникот и во зависност од фактот дали паричникот е на уредот на таргетот или не е на уредот на таргетот, земајќи предвид дали уредот е офлајн или онлајн. На пример, во случај кога на мобилниот телефон на осомничениот е пронајден мобилен паричник, а мобилниот телефон е онлајн, достапни истражни активности се пребарувањето на компјутер, како и мрежно пребарување. Меѓутоа, ако се најде хартиен паричник кој не е на ниту еден уред на таргетот и не е складиран на интернет, тогаш привременото одземање е соодветна истражна активност за добивање на овој паричник.

на овие информации може да следуваат дополнителни истражни активности. Понекогаш, индикации за тоа кои виртуелни валути ги користи осомничениот можат да се добијат претходно преку веќе започната истрага. Во однос на ова, од суштинско значење е да се воспостави добра комуникација помеѓу сите учесници на органите на прогон со цел да се избегне или намали можноста за уништување докази или префрлање на виртуелните валути пред тие да бидат официјално обезбедени.

Релевантни информации за виртуелните валути во една кривична постапка можат да се добијат од разменувач или платформа за разменување. Овие субјекти би можеле да складираат: име; основни информации за претплатникот, вклучувајќи ИП-адреса; потврдени податоци за контакт; записи за активности; записи на ИП адреси; адреси на виртуелни валути; лични пораки; информации за исплата; доказ за идентификација, домашна адреса (пасош, лична карта, возачка дозвола...) итн. Тие исто така на барање можат да замрзнат/одземат виртуелни валути.[80] Меѓутоа, тешкотијата овде е што разменувачите или платформите за разменување обично се лоцирани во странски јурисдикции, така што за добивање информации може да е потребно испраќање на барање за меѓународна правна помош. Треба да се напомене дека во некои случаи, разменувачите, а особено платформите за разменување директно доброволно соработуваат со органите на прогон.[81] Исто така, треба да се забележи дека соработка треба да се воспоставува само со доверливи разменувачи и платформи за разменување. Разменувачите и платформите за разменување често се користат за перење пари, понекогаш се измама сами по себе или нивната политика е да ги предупредуваат своите клиенти дека органите на прогон поставуваат прашања. Затоа, неопходно е да се поседуваат релевантни информации (од специјализирана полициска единица или од Европол) пред да се побараат податоци од разменувачот или од платформата за разменување.[82] Треба да се напомене дека Европол има објавено листа на контакти за платформите за разменување на криптовалути и на други субјекти кои се согласни да соработуваат и дека оваа листа е достапна за органите на прогонот и судството.

Водичот за виртуелни валути на ЕЈЦН за судските власти (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities) дава практичен пример за тоа кои информации може да се побараат од разменувачот или платформите за

80 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

81 Некои берзи за криптовалути, како Binance, обезбедија формулари за барање помош (барања за информации) од органите за прогон - **https://www.binance.com/en/support/law-enforcement**

82 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

раменување. Така, силно се препорачува овој водич да биде консултиран во кривичните постапки каде се јавуваат виртуелни валути.

Анекс I од овој прирачник содржи пример на образец за барање за податоци од давателот на услугата (разменувач или платформа за разменување) во кој детално се опишани видовите информации што можат да се добијат од овие субјекти.

Исто така, постојат физички излезни точки (машини/апарати) коишто обезбедуваат услуги за исплата или тргување со виртуелни валути. Не само што од давателот на услугата може да се побараат информации за одредена трансакција или за одредена адреса на виртуелната валута, туку во овој случај постои можност за обезбедување на докази кои се наоѓаат во непосредна близина на физичката излезна точка (машината, односно апаратот за подигнување на готовина или за тргување), како што се докази за видеонадзор кој се наоѓа во соседството или е поставен на самата излезната точка. Глобален приказ на достапните излезни точки може да се најде на **https://coinatmradar.com**.[83]

Органите за прогон треба да имаат на ум дека според АМЛД5[84] корисниците кои ги чуваат своите виртуелни валути преку давател на паричник со старател или влегуваат во трансакции со виртуелна валута преку платформа за размена на виртуелни валути, повеќе не можат да бидат анонимни, поради обврските за длабинска анализа на клиентите кои ги имаат давателите на паричници со старател и платформите за размена на виртуелни валути. Така, во одредни случаи таму можат да се најдат релевантни докази.[85] Сепак, треба да се разјасни дека на платформите за тргување не може да се најдат вакви докази, бидејќи тие не се управувани од субјект или од компанија што ги надгледува и обработува сите трансакции, туку тие се управувани исклучиво од софтвер (т.е. не постои централна раководна точка).

83 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

84 **https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018L0843**

85 Не треба да се очекува таков доказ од виртуелни средства-разменувачи кои прифаќаат само криптовалути и во случаи кога се користеле анонимни криптовалути

# 2. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КОНТРОЛА ВРЗ ВИРТУЕЛНИТЕ ВАЛУТИ

Информациите собрани во текот на истрагата и дискутирани во претходното поглавје се од суштинско значење за органите на прогонот да можат да воспостават контрола над виртуелните валути. За успешно одземање на виртуелните валути, идентификувани се неколку чекори[86]:

1. Идентификација (лоцирање) на виртуелните валути
   Идентификацијата на виртуелни валути вклучува добивање информации за типот на виртуелните валути за кои станува збор, за нивната количина и можноста за пристап до виртуелните валути.

2. Идентификација на врската помеѓу виртуелните валути и корисникот
   Ова е всушност најтешкиот дел од истрагата. Иако постојат некои активности кои би можеле да помогнат во воспоставувањето на врската помеѓу виртуелните валути и корисникот[87], во повеќето случаи, оваа врска може да се утврди врз основа на доказите и фактите пронајдени при претресот.

3. Обезбедување на пристап до виртуелните валути
   Ова може да се направи а) или со доделување на пристап директно од осомничените/корисниците[88] б) или со идентификување на паричниците, добивање приватни клучеви и лозинки за обновување на приватните клучеви[89]. Без да се овозможи пристап до виртуелните валути, тие не можат да се одземат.

86 Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

87 Како што истакнува водичот за виртуелни валути на ЕЈЦН за судските власти, ова може да се направи со употреба на пристапот „следи ги парите“ кога се анализираат трансакции кои вообичаено се јавни и проверливи, преку инспекција на јавни регистри или блокови (на пр. користејќи софтвер Chainalysis). Бидејќи корисниците на виртуелните валути се анонимни, целта на овој пристап е да се открие идентитетот на непознат сторител или да се поврзе познат сторител со нелегални приходи, што може да се постигне со идентификување на давателот на електронскиот паричник на сторителот; идентификување на ИП-адресата на корисникот на одреден електронски паричник и стекнување на податоците за трговската сметка на сторителот кај давателот на онлајн размена

88 Не треба да се исклучи можноста дека осомничениот/корисниците би сакале доброволно да обезбедат пристап на органите за спроведување на законот. Ако за време на испрашувањето на осомничениот, осомничениот признае дека користел паричник и даде писмена согласност за одземање на виртуелни валути со помош на неговиот компјутерски систем, полицијата може да го стори тоа веднаш во согласност со член 32 б) од Будимпештанската конвенција за компјутерски криминал без никакви дополнителни процедурални барања. Исто така, во некои јурисдикции, можно е осомничените да се принудат да предадат одредени лозинки (клучеви за шифрирање, приватни клучеви).

89 Оваа информација може да се најде врз основа на испитување на дигитални податоци, складирани на електронски или поврзани уреди

4. Обезбедување на правен инструмент за одземање на виртуелни валути
   Привременото одземање на виртуелни валути е можно само доколку постојат законски основи и само доколку е издаден соодветен правен инструмент од надлежен орган.

5. Спроведување на одземањето
   Одземањето на виртуелни валути може да се изврши откако ќе се добие законски инструмент за одземање. Постојат два главни начини на извршување на одземањето: а) со складирање и обезбедување на виртуелни валути (ова се прави со префрлање на виртуелните валути од паричникот на корисникот во безбеден паричник контролиран од властите) и б) конвертирање на запленетите виртуелни валути (ова се прави со продажба на виртуелни валути).

Како што споменавме, обезбедувањето на виртуелни валути се врши со префрлање на виртуелните валути од паричникот на корисникот на безбеден паричник контролиран од властите. Паричник контролиран од властите е паричник под контрола на владата или државата. Поконкретно, во зависност од правната рамка, овој паричник може да биде под контрола на агенција за прогон, суд, (истражен) судија, јавен обвинител, тело за конфискација, приватна компанија која се занимава со управување со имот, па дури и аукциска куќа.[90]

Доколку е применливо (т.е., земајќи ја предвид соодветната правна рамка и процедурите за одземање), добра практика е веднаш штом се појави можност за потенцијално одземање на виртуелни валути однапред да се подготват соодветните адреси каде виртуелните валути би се префрлиле[91] и да се отворат паричници контролирани од властите. Во зависност од тоа кои криптовалути ќе се најдат, може да има потреба да се подготват неколку паричници контролирани од властите, како што е еден за биткоин, друг за Monero и така натаму или наместо овие различни паричници може да се користи паричник со повеќе валути. Така, доколку е применливо, креирањето на овие адреси/паричници треба да се направи во безбедна компјутерска средина и силно се препорачува за тоа да бидат изготвени пишани внатрешни правила со детални инструкции. Се препорачува да се користат посебни адреси за секое одземање или конфискација.[92]

Во зависност од тоа каков паричник контролиран од властите и/или процедура ќе се користи, можно е адресата за запленување да биде

90 “Guide on seizing cryptocurrencies”, Cybercrime program office of Council of Europe, февруари 2021, стр. 23

91 Адреса за запленување е адресата на која ќе бидат испратени запленетите криптовалути

92 “Guide on seizing cryptocurrencies”, Cybercrime program office of Council of Europe, февруари 2021, стр. 23

однапред да подготвена во форма на кју-ар-код за да се избегнат печатни грешки. Непосредно пред да се изврши одземањето, оваа адреса за запленување треба да се провери повторно за да се види дали е сè уште точна. Се препорачува да се применува принципот на четири очи во кој четири очи можат да ја проверат точноста на адресата за запленување и оттука да ги заштитат лицата кои ги запленуваат средствата.[93]

Друг аспект којшто треба да се земе предвид при запленувањето на виртуелните валути се таксите за трансакција. Имено, за трансфер на виртуелни валути на безбеден паричник треба да се плати провизија за трансакција. Така, добра практика е да се разгледа ова прашање однапред, да се одлучи кој ќе ја плаќа провизијата за трансакцијата и да се одлучи за висината на провизијата за трансакцијата што ќе се плати.[94]

Дури и во случаи кога конверзијата на виртуелните валути е опција, треба да се забележи дека овој процес обично доаѓа откако виртуелните валути ќе бидат обезбедени и префрлени на паричник контролиран од властите. Исто така, мора да се земе предвид дека осомничениот подоцна може да биде прогласен за невин и конвертираните виртуелни валути ќе мора да му бидат вратени.

93 “Guide on seizing cryptocurrencies”, Cybercrime program office of Council of Europe, февруари 2021, стр. 26

94 Треба да се земе предвид дека провизиите за трансакцијата може да варираат и дека може да се понудат повисоки провизии за верификација на одредена трансакција, со цел да се стекне сигурност дека таа трансакција ќе има приоритет во однос на другите можни трансакции за истата виртуелна валута

# IV. Законодавство на Република Северна Македонија во врска со виртуелните валути

Законодавството на Република Северна Македонија не ги препознава виртуелните валути како такви. Во моментот на објавување на овој прирачник ниту еден важечки закон не ја дефинира или регулира темата на виртуелните валути. Сепак, во тек се законодавни и институционални анализи и обиди да се адресира оваа тема.

Управата за финансиско разузнавање на Република Северна Македонија, како одговорен државен орган за спроведување на препораките на ФАТФ, спроведе проценка на ризик од употреба на виртуелни средства за перење пари и финансирање на тероризам. Проценката на ризик е еден од ретките официјални документи кои се однесуваат на темата на виртуелните валути од перспектива на спречување перење на пари/финансирање на тероризам.

Исто така, во моментот на објавување на Прирачникот, Министерството за финансии работи на нов закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Едно од прашањата што го отвора овој нов закон е прашањето за виртуелните валути. Предлогот за новиот закон вклучува дефиниции за виртуелни средства; давател на услуги поврзани со виртуелни средства; услуги или активности поврзани со виртуелни средства; чување и администрирање на виртуелни средства или инструменти кои овозможуваат контрола над виртуелните средства; организација на платформа за тргување со виртуелни средства; извршување на налози за виртуелни средства во име на трети страни; учество и обезбедување на услуги поврзани со понудата на издавачот и/или продажба на виртуелни средства; управување со портфолио на виртуелни средства; прием и пренесување на налози за виртуелни средства; издавач на виртуелни средства; јавна понуда на виртуелни средства; обезбедување совети за виртуелни средства; криптомат; хостиран електронски паричник за виртуелни средства; нехостиран електронски паричник за виртуелни средства и пренос на виртуелни средства. Дефинициите коишто се користат во овој предлог-закон се оние што ги користи и дефинира ФАТФ.

Исто така, во моментот на објавување на овој прирачник Министерството за правда работи на нови законски текстови на Кривичниот законик и на Законот за кривична постапка на Северна Македонија. Во работните

групи постои свест за потребата од дефинирање на виртуелните валути и регулирање на нивната улога во кривичните постапки, но во моментот на објавување на овој прирачник не е усвоен официјален предлог.

Министерството за правда работи и на измените на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки. Во овој предлог-закон законодавецот го споменува терминот „електронски пари“ и предвидува правила како ќе постапува Агенцијата за управување со конфискуван имот во случај кога електронските пари се привремено конфискувани. Во делот каде што е дадена дефиниција на поими, не е дадена дефиниција за тоа што се смета за електронски пари. Доколку дополнително се анализира законското решение може да се заклучи дека законската одредба каде што се споменуваат електронските пари имала за цел да го реши случајот на одземање и конфискација на виртуелни валути и дека погрешно се користи терминот „електронски пари“. Имајќи предвид дека ова е само предлог-закон, има доволно време да се направат соодветни измени, кои ќе вклучуваат употреба на правилна терминологија и законско дефинирање на термините.

Тековните правни случувања во Северна Македонија ќе влијаат на начинот на кој практичарите се справуваат со виртуелните валути во конкретни случаи. Сепак, постојните законски основи за конфискација и привремени мерки за обезбедување во суштина ќе останат исти и новите решенија ќе обезбедат облик на надградба што ќе им ја олесни работата на практичарите.

# 1. НАЦИОНАЛНА ПРАВНА ОСНОВА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ВИРТУЕЛНИ ВАЛУТИ ВО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ

Во однос на кривичните постапки, според сегашното законодавство постои теоретска можност во една кривична постапка привремено да се одземат, а подоцна и да се конфискуваат виртуелни валути доколку се исполнети сите законски услови. Клучна легислатива која овозможува справување со виртуелни валути во кривичните постапки се Кривичниот законик на Република Северна Македонија[95] и Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија.[96] Релевантен закон кој може да им помогне

95 Службен весник на Северна Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018

96 Службен весник на Северна Македонија бр. 150/10, 100/12 и 198/18

на практичарите во истрагите и може да се користи во однос на виртуелните валути е Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам[97], како и Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки.[98] Меѓутоа, користењето на оваа теоретска можност во праксата е проследено со извесни потешкотии.

## 1.1. Привремено одземање и конфискација на виртуелните валути како предмети употребени за и предмети настанати од извршување на кривично дело

Како што споменавме, виртуелните валути можат да бидат предмети употребени за и предмети настанати од извршување на кривично дело. Членот 100-а од Кривичниот законик на Република Северна Македонија предвидува дека никој не може да ги задржи или присвои предметите што настанале со извршување кривично дело. Предметите што биле наменети или се употребени за извршување кривично дело ќе се одземат од сторителот без оглед дали се во сопственост на сторителот или на трето лице, ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот. Исто така, предметите што се употребени или биле наменети за извршување на кривично дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело.

Дефиницијата на поимот „предмет“ е дадена и во Кривичниот законик[99], така што под предмети се подразбираат движни и недвижни предмети кои се целосно или делумно искористени или требало да бидат искористени или настанале со извршување на кривично дело. Така, во случаите кога виртуелните валути настанале преку извршување кривично дело[100] или биле наменети или биле искористени за извршување кривично дело[101] постои можност привремено да се одземат и подоцна да се конфискуваат. Терминот „предмет“ е широко дефиниран, фокусирајќи се само на употребата или на потенцијалната употреба на предметите, а не и на карактеристиките на предметите, така што законските одредби во КЗ може да се користат како правна основа за привремено одземање и конфискување на виртуелните валути како предмети употребени за и предмети настанати од извршување на кривично дело.

97 Службен весник на Северна Македонија бр. 120/18, 275/19 и 317/20

98 Службен весник на Северна Македонија бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18

99 Член 122 став 39 од КЗ

100 На пр. виртуелни валути биле копани за финансирање терористички цели

101 На пр. виртуелни валути се користеле за перење пари

При дефинирањето на поимот „пари“, законот го споменува поимот „електронски пари“. Така, пари се средства за плаќање во готово, во апоени или електронски пари, кои врз основа на закон се во оптек во Република Северна Македонија или во странска држава. Овде треба да се потенцира дека електронските пари и виртуелните валути се два различни концепти. Електронски пари се електронски, вклучително и магнетно, складирана парична вредност претставена со побарување од издавачот, што се издава при прием на средства заради извршување платежни трансакции и што е прифатена од лице или субјект различно од издавачот на електронски пари[102]. Следствено, врската помеѓу електронските пари и традиционалниот формат на пари е зачувана и има правна основа, бидејќи складираните средства се изразени во иста пресметковна единица (на пример, американски долари, евра итн.).[103] Ова не е случај со виртуелните валути, како што е објаснето во поглавје II потпоглавје 1 од овој прирачник.

Пред да може да се пристапи кон привремено одземање на виртуелните валути во кривичните постапки, обвинителот треба да обезбеди дека се исполнети сите услови за воспоставување на контрола врз виртуелните валути.[104] Правилата за привремено одземање и подоцна конфискување на предмети употребени за или предмети настанати од извршување на кривичното дело се пропишани во Законот за кривична постапка (ЗКП) на Северна Македонија.

### 1.1.1. Привремено одземање на виртуелните валути како предмети употребени за или предмети настанати од извршување кривично дело

Според ЗКП[105], предметите употребени за и предметите настанати од извршување на кривичното дело можат да бидат привремено запленети, конфискувани или може да се изрече друга привремена мерка со цел да се спречи нивно користење, пренесување и управување. Кога станува збор за виртуелни валути, се чини дека привременото одземање е најсоодветната привремена мерка за нивно обезбедување во текот на кривичната постапка, бидејќи со привременото одземање ќе се овозможи исполнување на целта поради која се изрекува привремената мерка и ќе се спречи понатамошното користење, пренесување и управување со виртуелните валути.

102 Член 2 од Директивата 2009/110/ес на Европскиот парламент и на Советот од 16 септември 2009 г. **https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32009L0110&from=en**

103 European Central Bank, Eurosystem, Virtual currency schemes, октомври 2012 година, стр. 16 **https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencymes201210en.pdf**

104 Ова беше дискутирано во поглавје III, потпоглавје 2 од овој прирачник

105 Член 202 од ЗКП

Привременото одземање на виртуелните валути се врши во сите фази на кривичните постапки, дури и во предистражна фаза. Општо правило е дека привременото одземање се врши врз основа на судска одлука што е донесена по барање на јавниот обвинител.

Барањето на обвинителот мора да ги содржи сите задолжителни елементи што ги пропишува ЗКП. Во случаите на привремено одземање на виртуелни валути постојат некои посебни елементи кои обвинителот мора да ги вклучи во барањето за определување на привремени мерки за обезбедување (во конкретниот случај барање за привремено одземање на виртуелните валути). Така, барањето за привремено одземање на виртуелни валути треба да содржи:

- Краток опис на кривичното дело и неговиот законски назив
- Опис на виртуелната валута што потекнува или е поврзана со кривичното дело, кој го содржи видот на виртуелната валута, бројот/количината на виртуелната валута и локацијата на виртуелната валута-идентификаторот на паричникот. Описот на виртуелната валута треба да ја содржи вредноста на виртуелната валута во моментот на барањето, бидејќи судот е должен да ја посочи вредноста во судската одлука
- Информации за корисникот на виртуелната валута со означување на името и презимето на корисникот, неговите/нејзините лични податоци
- Докази на кои се заснова симнението дека виртуелните валути се употребени за или настанале од извршување на кривично дело
- Причини за веројатноста дека одземањето на виртуелните валути ќе биде особено отежнато или оневозможено до крајот на кривичната постапка. Кога се опишуваат овие причини, треба да има на ум дека до виртуелните валути може да се пристапи од далечина и од различни уреди и дека одземањето на уредот каде се пронајдени виртуелните валути без одземање на самите виртуелни валути не е доволно.
- Предлог кој надлежниот орган ќе го спроведе привременото одземање - овој дел од содржината на барањето не е задолжителен, но може да биде корисен, особено во случаите кога обвинителството претпочита друг државен орган, наместо Агенцијата за управување со конфискуван имот, да го спроведе привременото одземање
- Јавна адреса на безбеден паричник каде што ќе се префрлат виртуелните валути.

Барањето за определување на привремени мерки за обезбедување, односно за привремено одземање на виртуелни валути може да се поднесе во претходна постапка или по поднесување на обвинителниот акт. Доколку барањето е поднесено пред почетокот и во текот на претходна постапка, надлежен орган кој ќе постапува ќе биде судијата на претходна постапка, а доколку барањето е поднесено по поднесувањето на обвинителниот акт, надлежен орган ќе биде судечкиот судија.

Постапката за определување на привремените мерки за обезбедување (привременото одземање) е итна. Судијата на претходна постапка одлучува веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на барањето на обвинителот. Доколку судијата на претходна постапка не го прифати барањето на јавниот обвинител без одлагање ќе побара одлука да донесе кривичниот совет при Судот. Кривичниот совет одлучува во рок од 24 часа од приемот на барањето. И покрај кратките рокови, треба да се напомене дека кога станува збор за виртуелни валути, органите на прогонот, обвинителите и судовите треба да постапуваат крајно итно, поради високиот ризик од понатамошно пренесување на виртуелните валути од страна на корисникот или лице кое има пристап до овие виртуелните валути.[106]

Во решението на судот за прифаќање на барањето на обвинителот за привремено одземање на виртуелните валути, покрај информациите содржани во барањето на обвинителот за привремено одземање, судот мора да ги наведе и законските основи за привременото одземање[107], вредноста на виртуелната валута, временскиот период за кој виртуелните валути привремено се одземени и органите до кои треба да се испрати судската одлука.

Вредноста на виртуелните валути не е поврзана со однесувањето на одредена економија и зависи од понудата и побарувачката на одредена виртуелна валута. Оваа вредност е многу динамична и се менува секојдневно. Така, при наведување на вредноста на виртуелната валута, треба да се забележи точниот ден и време кога е одредена вредноста. Вредноста на виртуелните валути е достапна на интернет бесплатно и судот може да ја консултира оваа вредност во моментот на одлучување. Платформите за разменување како Coinbase исто така обезбедуваат информации за вредноста на виртуелните валути во даден момент.

ЗКП содржи процедурални правила во однос на временскиот период за кој може да биде на сила привременото одземање. Доколку привременото одземање е извршено во предистражна постапка, оваа мерка ќе престане најдоцна во рок од три месеци од денот на донесување на решението со кое е определена, освен ако формално не се отвори истрага. Во сите други случаи привременото одземање може да трае до завршување на кривичната постапка пред првостепениот суд. Значи, во предистражните постапки

106 Треба да се има предвид дека доколку корисникот е дел од криминална организација, тој/таа можеби нема да биде единственото лице кое има пристап до виртуелни валути. Информациите за неговото/нејзиното апсење може да предизвикаат тревога и другите членови на организираната група кои исто така имаат пристап до предметните виртуелни валути може да ги преместат виртуелните валути на друга локација

107 Правните основи кои му овозможуваат на судот да ги одземе виртуелните валути се дадените член 202 од ЗКП

во кои била изречена привремена мерка одземање на виртуелни валути, обвинителите треба да постапуваат со особена итност бидејќи рокот од три месеци не е долг и не може да се продолжи. Во рок од три месеци, обвинителот мора да обезбеди доволно докази кои или ќе резултираат со истрага или со затворање на случајот. Во спротивно, и покрај тоа што случајот нема да биде целосно истражен, обвинителот ризикува привремената мерка да биде укината и виртуелните валути да бидат ослободени, што му остава простор на корисникот на виртуелните валути слободно да ги користи, управува и пренесува.

Одлуката на судот за привремено одземање на виртуелни валути треба без одлагање да се испрати до надлежниот орган за обезбедување на виртуелните валути.[108] Така, во својата одлука судот мора да се осврне на прашањето кој е надлежниот орган кој ќе го спроведе привременото одземање. Како општо правило, надлежен државен орган кој без одлагање се известува за одлуката на судот за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети е Агенцијата за управување со конфискуван имот.[109] Ако внимателно ги погледнеме дефинициите на поимите „имот, имотна корист и предмети“ дадени во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки, очигледно е дека овие поими го следат значењето дефинирано во Кривичниот законик. Виртуелните валути спаѓаат во оваа категорија и по правило Агенцијата за управување со конфискуван имот е надлежен орган за нивно привремено одземање. Меѓутоа, законот дава можност судот да одлучи поинаку и да го посочи националниот орган кој ќе биде одговорен за постапување со одземениот имот, имотна корист или предмети. Така, препорачливо е обвинителите, пред да побараат привремено одземање на виртуелните валути, да знаат кој државен орган ќе го спроведе привременото одземање и да го наведат називот на органот во барањето за привремено одземање, заедно со јавната адреса на која треба да се пренесат виртуелните валути.

Покрај општото правило дека привремени мерки за обезбедување, а со тоа и привремено одземање бара јавниот обвинител, во случаите кога постои опасност од одлагање, на припадниците на правосудната полиција им се дава можност привремено да ги одземат виртуелните валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело.[110] Треба да се напомене дека во овој случај правилата од ЗКП кои пропишуваат надлежност на правосудната полиција за одземање на виртуелни валути се

108 Член 202 став 12 од ЗКП

109 Член 24 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки

110 Член 202 став 6 од ЗКП

*lex specialis* во однос на одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки, кои пропишуваат надлежност на Агенцијата кога станува збор за спроведување на привременото одземање.

Оваа можност што ѝ е дадена на правосудната полиција да постапува веднаш без претходна интервенција на обвинителот или судот е од исклучителна важност кога се работи за виртуелни валути, бидејќи овозможува навремена и брза реакција на органите на прогонот. Но, доколку се преземат вакви мерки од страна на правосудната полиција, веднаш треба да се извести јавниот обвинител и мерките да бидат одобрени од судијата на претходна постапка во рок од 72 часа од моментот на нивното спроведување. Доколку судијата на претходна постапка не даде одобрение, преземените мерки од правосудната полиција ќе престанат, а привремено одземените виртуелни валути веднаш ќе му се вратат на лицето од кое биле привремено одземени.

Во Прилог II од прирачникот е содржан образец на предлог за издавање привремени мерки за обезбедување на виртуелни валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело.

### 1.1.2. Конфискација (трајно одземање) на виртуелни валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело

Постојат два главни вида на трајно одземање (конфискација) на предметите употребени за или настанати од извршување на кривично дело во Северна Македонија: 1) задолжително и 2) дискреционо.

Правните основи за задолжителна конфискација се наоѓаат и во општиот и во посебниот дел на Кривичниот законик на Северна Македонија. Така, според општиот дел од Кривичниот законик, не може да ги задржи или присвои предметите што настанале од извршување на кривичното дело. Предметите што биле наменети или се употребени за извршување на кривично дело ќе се одземат од сторителот без разлика дали се во сопственост на сторителот или на трето лице, ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот.[111] Посебниот дел од Кривичниот законик пропишува задолжителна конфискација на предметите употребени за или настанати од извршување на кривично дело за конкретни кривични дела.

111 Член 100-а став 1 и 2 од КЗ

Дискреционото одземање на предметите употребени за или настанати од извршување на кривично дело е регулирано во општиот дел од Кривичниот законик каде што е наведено дека предметите што се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело.[112]

Виртуелните валути можат да бидат предмет на задолжителна и дискрециона конфискација, во зависност од фактите во случајот. Конфискацијата во кривичната постапка најчесто ја врши судот со осудителната пресуда. Кога е пропишана задолжителна конфискација, виртуелните валути ќе се одземат и во случај кога кривичната постапка не завршила со осуда на обвинетиот.[113] Притоа, решението за одземање на предметите ќе го донесе судот, дури и кога во пресудата со која обвинетиот е огласен за виновен, е пропуштено да се донесе таква одлука..[114] Тоа значи дека во случаите на задолжителна конфискација на виртуелните валути употребени за или настанати од извршување на кривично дело судот постапува по службена должност. Исто така, законот предвидува дека кога постојат фактички и правни пречки за водење кривична постапка против сторител на кривично дело, по предлог на јавниот обвинител, судот ќе спроведе посебна постапка за конфискација на предметите што се употребени за или настанати од извршување на кривичното дело, доколку се исполнети условите предвидени во Кривичниот законик. [115]

Така, законските основи за конфискација на виртуелни валути употребени за или настанати од извршување на кривичното дело може да се најдат или во член 100-а од Кривичниот законик, или во конкретни членови кои се однесуваат на конкретни кривични дела. Исто така, законските основи за задолжителна конфискација по службена должност се наоѓаат во член 529 од ЗКП. Во случаи кога конфискацијата не е задолжителна и судот нема право да постапува по службена должност, неспорно е дека обвинителот треба да бара конфискација. Треба да се напомене дека терминологијата што се користи во законот е неконзистентна и создава проблеми во праксата. Така, судовите во одредени прилики го користат терминот „конфискација", додека во други термините „заплена" и „запленување".

Во случаите кога со пресудата е изречена и посебна мерка одземање на предмети, односно кога со пресудата се конфискувани предмети употребени за или настанати од извршување на кривичното дело, на судот му се дава можност да одлучи дали ваквите предмети ќе се продаваат според

112 Член 100-а став 3 од КЗ

113 Член 529 став 1 од ЗКП

114 Член 529 став 3 од ЗКП

115 Член 540 став 1 од ЗКП

одредбите кои важат за извршувањето или ќе се предадат на државни органи, криминалистички музеј или други институции или ќе се уништат. Приходите од ваквата продажба ќе одат во државниот буџет на Северна Македонија.[116] Така, доколку се конфискуваат виртуелни валути, Судот може да одлучи да ги продаде. Проблемот овде е што одредбите кои важат за извршната постапка не го регулираат продавањето на виртуелни валути, па прашање е како ќе се спроведе продажбата во пракса, во однос на почитување на овој законски услов за продажба на виртуелни валути.

Надлежен орган кој треба да ја изврши одлуката на судот за конфискација на виртуелните валути според Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки е Агенцијата за управување со конфискуван имот.[117] Ако виртуелните валути биле привремено обезбедени пред нивната конфискација, тие веќе ќе бидат префрлени на безбеден паричник. Доколку виртуелните валути не се привремено обезбедени пред конечната судска пресуда, нивната конфискација е под знак прашалник бидејќи ризиците истите да не се веќе на постојната локација се доста високи. Сегашната законска регулатива не дава јасен одговор што треба да прави Агенцијата со конфискуваните виртуелни валути. Како што беше наведено, судот е тој што одлучува за продажба на виртуелни валути, па во случаите кога нема судска одлука за продажба на виртуелни валути, нејасно е што треба да направи Агенцијата.

## 1.2. Привремено одземање и конфискација на виртуелните валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело

Во македонското законодавство, основите за одземање на имотна корист од кривично дело се регулирани во Кривичниот законик каде што е наведено дека никој не може да ја задржи непосредната или посредна имотна корист прибавена со кривично дело, со што е обезбедена конфискација на директна[118] и индиректна корист[119], како и проширена конфискација.[120]

116 Член 135 став 7 и 8 од ЗКП

117 Во член 28 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и конфискувани предмети во кривични и прекршочни постапки се вели дека решението за конфискација на имот, имотна корист или инструменти од кривично дело го спроведува Агенцијата. За извршување на решението Агенцијата може да побара помош од Министерството за внатрешни работи

118 Член 97 од Кривичниот законик

119 Член 97-а од Кривичниот законик

120 Член 98-а од Кривичниот законик

Освен конфискација на имотна корист од обвинетиот, законот предвидува можност да се конфискува и имотна корист од трето лице.[121]

Според законот, предмет на конфискација се парите, движните или недвижните предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист.[122]

Така, според овие дефиниции, можно е да се конфискуваат виртуелни валути кои се имотна корист бидејќи тие се вид на сопственост и носат материјални права на нејзиниот сопственик. Следствено, на виртуелните валути може да им се применат привремени мерки за обезбедување во кривичната постапка.

### 1.2.1. Привремено одземање на виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело

ЗКП содржи процесни правила за определување на привремени мерки за обезбедување кои можат да помогнат во обезбедувањето на виртуелните валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело, со цел нивна подоцнежна конфискација. Привремените мерки за обезбедување може да се определат спрема обвинетиот или спрема трети лица за кои постои сомневање дека врз нив се пренесени имот и имотна корист прибавено со кривично дело без соодветен надоместок.[123] Привремените мерки за обезбедување на имотна корист од кривично дело се исти како оние што може да се изречат за обезбедување на предметите употребени за или настанати од извршување на кривично дело.[124]

Така, најсоодветната привремена мерка за обезбедување на виртуелните валути што се имотна корист прибавена со кривично дело ќе биде одземањето на виртуелните валути. Виртуелните валути можат да се одземат како од обвинетиот, така и од трето лице. Треба да се забележи дека еден корисник на виртуелни валути може да префрли виртуелни валути од сопствениот паричник, директно во паричникот на друг корисник на виртуелни валути. Овој трансфер може да се изврши без соодветен надоместок што им овозможува на органите на прогонот да побараат одземање на виртуелните

121 Член 98 став 2 и 3 и член 98-а став 2 и 3 од Кривичниот законик

122 Член 98 став 1 од Кривичниот законик

123 Член 535 од ЗКП

124 И покрај тоа што членот 535 од ЗКП содржи техничка грешка и го укинува членот 194 од ЗКП, јасно е дека намерата е да се укинат привремените заштитни мерки пропишани во член 202 од ЗКП. Овој вид на пристап е прифатен во пракса

валути и од трето лице. Висината на соодветниот надоместок за трансфер на виртуелната валута е лесно да се одреди бидејќи трансакцијата за пренос на виртуелната валута содржи во себе податоци за тоа кога е извршен трансферот, а вредноста на виртуелната валута во тој точен момент може да се види онлајн бесплатно. Донацијата на виртуелни валути не е непозната, па доколку трето лице добие како донација виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со кривично дело, овие виртуелни валути можат да бидат предмет на привремено одземање како мерка за обезбедување.

Привремените мерки за обезбедување ги издава судот по барање на јавниот обвинител. Законските одредби за привремени мерки на обезбедување на предмети што се употребени за или настанати од извршување на кривично дело соодветно се применуваат и во случаите на привремени мерки за обезбедување на имот и имотна корист прибавени со кривично дело. Единствената разлика кога се определуваат привремени мерки за обезбедување на виртуелните валути кои претставуваат имотна корист прибавена со кривично дело во споредба со виртуелните валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело се роковите за жалба против судската одлука.

Следствено на ова, кога бара определување на привремени мерки за обезбедување на виртуелните валути кои претставуваат имотна корист прибавена со кривично дело, јавниот обвинител треба да ги има сите информации потребни за поднесување барање за привремено одземање на виртуелни валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело. Исто така, одлуката на судот за привремено одземање на виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со кривично дело треба да ги содржи истите елементи како и одлуката на судот за привремено одземање на виртуелни валути кои се употребени за или настанати од извршување на кривично дело. Според тоа, за судската одлука и надлежниот орган за извршување на судската одлука важат истите забелешки дадени во претходното поглавје од овој прирачник.

Од практична гледна точка, виртуелните валути во еден сегмент може да бидат употребени за или настанати од извршување кривично дело, додека во друг сегмент да претставуваат имотна корист прибавена со кривичното дело. На пример, осомничениот поседува опрема за копање на криптовалути, но тој сакајќи да ги избегне трошоците за електрична енергија, се приклучил на електродистрибутивната мрежа директно, така што во период од една година крадел електрична енергија со цел да копа криптовалути. Во тој период успеал да ископа одреден број на криптовалути, кои во правна смисла претставуваат предмети настанати од извршување на кривичното дело. Вредноста на круптовалутите со текот на времето растела, па осомничениот тргувал со криптовалутите на платформа за

размена, така што ископаните криптовалути ги продавал и купувал нови криптовалути. Новите криптовалути претставуваат индиректна имотна корист која сторителот ја стекнал со извршување на кривичното дело. Во вакви случаи, не е важно која законска основа ќе ја искористи обвинителот за привремено одземање на виртуелните валути, бидејќи процедуралните правила за привремено одземање се исти и законот предвидува можност да се донесат привремени мерки за обезбедување и во двете ситуации.

Примерот даден во Анекс II од прирачникот може да се користи како образец за предлог за издавање привремени мерки за обезбедување и за виртуелни валути кои се имотна корист од кривично дело, со приспособување на законските основи.

### 1.2.2. Конфискација на виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело

Постапката за конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело е дефинирана во ЗКП[125], каде што е наведено дека имотот и имотната корист прибавени со извршување на кривично дело се утврдуваат во кривичната постапка. Јавниот обвинител е должен во текот на кривичната постапка да прибира докази и да ги извидува околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист прибавена со извршување на кривичното дело. Така, ако се чини дека се имотна корист од кривично дело, Јавниот обвинител треба да прибере докази што го поткрепуваат тоа и треба да може да докаже дека предметните виртуелни валути навистина се имотна корист од кривично дело, барајќи нивна конфискација.

Во случаи кога виртуелните валути претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело, корисникот на виртуелната валута ќе биде повикан да биде сослушан во текот на претходната постапка и на главната расправа, но постапката може да се води и во негово отсуство. Корисникот има право да предложи докази и по овластување на претседателот на советот да ги испраша обвинетиот, сведоците и вештаците.

Конфискацијата на имотната корист прибавена со извршување на кривичното дело судот вообичаено ја врши со осудителната пресуда за обвинетиот. Во изреката на пресудата судот треба да ги опише виртуелните валути што се одземаат.

Исто како и за конфискација на предметите употребени за или настанати од извршување на кривично дело, законот предвидува и дека кога постојат фактички и правни пречки за водење кривична постапка против сторител на

125 Членови 530-541 од ЗКП

кривично дело, по предлог на јавниот обвинител, судот ќе спроведе посебна постапка за конфискација на имотна корист од кривично дело, доколку се исполнети условите предвидени во Кривичниот законик.[126] Така, на пример, доколку корисникот на виртуелните валути умре во текот на кривичната постапка, обвинителот може да поднесе предлог за спроведување посебна конфискациска постапка за конфискација на виртуелните валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување на кривично дело.

Кога станува збор за извршување на судската одлука за конфискација на виртуелни валути кои претставуваат имотна корист прибавена со извршување од кривично дело, законот предвидува дека налогот за извршување го издава судот што ја донел првостепената пресуда.[127] Имајќи ги предвид важечките законски одредби и инволвираните органи на прогон, во налогот за извршување судот треба да го назначи надлежниот орган што ќе ја спроведе конфискацијата, што всуштност е, како што беше претходно објаснето, Агенцијата за управување со конфискуван имот. При издавањето на налогот за извршување, судот треба да има предвид 1) дали виртуелните валути се обезбедени со привремени мерки за обезбедување и дали се пренесени на безбеден паричник и 2) каква превентивна мерка е изречена. Доколку виртуелните валути се обезбедени со привремена мерка и пренесени на безбеден паричник, судот во налогот за извршување може да одлучи за продажба на виртуелните валути. Доколку виртуелните валути се обезбедени и продадени, судот може да одлучи износот добиен од продажбата да се префрли во буџетот на Северна Македонија, а доколку виртуелните валути не биле обезбедени, тогаш може да одлучи виртуелните валути да се префрлат на безбеден паричник и да се продадат доколку тоа е сè уште возможно со оглед на фазата на постапката.

## 1.3. Виртуелните валути како доказ во кривичните постапки

Виртуелните валути не само што имаат вредност, туку имајќи ја предвид технологијата на која се базираат, тие можат да бидат многу корисен извор на податоци. Блокчејн технологијата што се користи за повеќето виртуелни валути овозможува следење на историјата на трансакции и воспоставување врски помеѓу осомничените, нивните соработници и поддржувачи. Бидејќи виртуелните валути често се користат за перење пари, анализата на податоците што ги содржат виртуелните валути може да го посочи modus operandi, односно начинот на извршување на кривичното дело во овие

126 Член 540 став 1 од ЗКП

127 Член 541 од ЗКП

случаи.[128] Според тоа, виртуелните валути може да се користат и како доказ во кривичните постапки.

Оваа дистинкција е релевантна од правен аспект бидејќи ЗКП на Република Северна Македонија предвидува различни процесни правила за одземање на предмети што можат да се користат како доказ во кривичните постапки. Според член 194 од ЗКП предметите што треба да се одземат или кои можат да послужат како доказ во кривичната постапка привремено ќе се одземат и ќе му се предадат на чување на јавниот обвинител или органот определен со посебен закон или на друг начин ќе се обезбеди нивното чување. Наредбата за привремено одземање на предмети ја издава судот по предлог на обвинителот или правосудната полиција. Наредбата за привремено одземање на предмети содржи: а) назив на судот; б) правен основ за привремено одземање на предмети, определување и прецизен опис на предметите што треба привремено да се одземат; в) име и презиме на лицето од кое треба привремено да се одземат предметите; г) местото на кое, односно во кое треба привремено да се одземат предметите; д) рокот во кој треба да се одземат и ѓ) поука за правен лек против судската наредба. Кога станува збор за привремено одземање на виртуелни валути, наредбата за привремено одземање треба да ја содржи и јавната адреса каде што ќе бидат префрлени виртуелните валути и надлежниот државен орган што ќе го спроведе привременото одземање.

ЗКП го обврзува секое лице што држи предмети што според КЗ треба да се одземат или предмети што може да послужат како доказ во кривичната постапка да ги предаде овие предмети. Доколку лицето што поседува ваков вид предмети не ги предаде предметите на службеното лице кое ги бара, може да му се изрече парична казна.[129] Оваа одредба може да се користи за да се побара од корисникот на виртуелната валута да го предаде приватниот клуч или паричникот со виртуелни валути. Меѓутоа, доколку корисникот на виртуелните валути е осомничениот, паричната казна пропишана во овој член не може да му се изрече.

Друга одредба која може да биде корисна за откривање на виртуелни валути е одредбата од член 181 став 2 и член 184 од ЗКП кои се однесуваат на

128 Европол ја поддржа Шпанија во разбивање криминална организација која обезбедува услуги за криптоперење пари од други криминални организации. Криминалците спроведоа неколку шеми за перење пари кои вклучуваат трансфер од фиат валута на виртуелни средства за да го сокријат нелегалното потекло на приходите. Некои од идентификуваните начини на работа се користење криптобанкомати и т.н. smurfing - криминален метод што се користи за поделба на незаконскиот приход на помали суми и ставање на овие мали износи во финансискиот систем за да се избегнат известувања за сомнителни трансакции. Повеќе на: **https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/cryptocurrency-laundering-service-members-of-criminal-organisation-arrested-in-spain**

129 Член 194 и 195 од ЗКП

пребарување компјутерски системи и компјутерски податоци. Дефиниција за тоа што се компјутерски системи и компјутерски податоци е дадена во КЗ.[130] Така, освен претрес на дом и лица, судот може да издаде наредба за пребарување на компјутерски систем врз основа на образложено барање на јавниот обвинител, а доколку постои опасност од одолговлекување и на барање на правосудната полиција.[131] Кога се врши пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци, на барање на извршителот на наредбата, лицето кое го користи или има пристап до компјутерот или до друг уред или носител на податоци е должно да обезбеди пристап до нив и да ги даде потребните известувања за непречено остварување на целта на претресот. Исто така, постои обврска на лицето кое го користи компјутерот или има пристап до него или до други уреди или носители на податоци веднаш да преземе мерки со кои се спречува уништување или менување на податоците.[132] Така, користејќи ја оваа одредба и имајќи го предвид значењето на термините, органите на прогонот може да побараат од корисникот или од сопственикот на ладен паричник да им ја даде лозинката за пристап до паричникот.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека доколку се врши пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци, за да може да се одземат виртуелни валути, во барањето за издавање наредба за претрес мора да биде вклучено и барање за одземање на виртуелните валути со информации за јавната адреса каде што треба да бидат префрлени виртуелните валути, називот на државниот орган што ќе го спроведе привременото одземање и количината на виртуелни валути што се очекува да биде привремено одземена. Доколку тоа не е случај и налогот за пребарување на компјутерски систем не содржи посебно барање и релевантни информации за привремено одземање на виртуелните валути, тогаш мора да се обезбеди посебна судска одлука за привремено одземање на виртуелните валути. Како што беше споменато претходно, виртуелните валути може веднаш да бидат привремено одземени и од правосудната полиција, но за ваквата активност мора да следува дополнителна судска согласност.

Во кривичните постапки каде се среќаваат виртуелни валути спорно е дали обвинителите треба да ја користат одредбата од член 198 од ЗКП за добивање релевантни податоци. Имено, член 198 од ЗКП се однесува

---

130 Член 122 став 26 и 27 од КЗ. Исто така, за разбирање на опсегот на дефиницијата за „компјутерски систем“ може да се консултираат и белешките за упатства на Комитетот за конвенција за компјутерски криминал (T-CY) за поимот „компјутерски систем“ според конвенцијата од Будимпешта **https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016802e79e6**

131 Член 181 од ЗКП

132 Член 184 став 1 и 2 од ЗКП

на привремено одземање на компјутерски податоци и предмет на оваа одредба е секој податок зачуван на компјутер и слични уреди за автоматска, односно електронска обработка на податоци, уреди што служат за собирање и пренос на податоци, носители на податоци и претплатнички информации со кои располага на давателот на услуги. Обвинителот има право да побара овие податоци да бидат доставени во рокот што тој го определил. Сепак, оваа одредба се однесува на доброволно предавање на податоци, а во случаите кога се во прашање виртуелни валути најголемата опасност е виртуелните валути да бидат преместени на друга локација веднаш штом корисникот дознае дека органите на прогонот покажуваат интерес, поради што дискутабилно е дали оваа одредба ќе овозможи ефективен пристап до бараните податоци.

Меѓутоа, член 198 може да се искористи за од давателите на услуги (во случајот на виртуелни валути тоа се платформите за разменување или давателите на паричници), да се побараат податоци, како што се на пример информациите за претплатниците што ги имаат на располагање. Треба да се напомене дека овој процес во најголем број на случаи ќе биде проследен и со барање за меѓународна правна помош, бидејќи повеќето платформи за разменување и даватели на паричници се лоцирани во странство. Сепак правниот основ за обвинителите да ги побараат споменатите информации се наоѓа во овој член. Обвинителот има овластување да определи и рок во кој треба да се доставаат податоците.

Во Анекс I од прирачникот е даден образец за тоа кои информации може да се побараат од платформите за раменување. Овој образец може да се користи за добивање информации од даватели на услуги според член 198 од ЗКП. Овде треба да се забележи дека кога барате информации од давателите на услуги, корисно е да ја проверите  политиката на приватност и условите за отворање на корисничка сметка кај давателите на услуги, бидејќи таму може да се најдат податоци за тоа кои се задолжителните информации што ги бараат давателите на услуги од нивните корисници, кои информации ги чуваат и колку долго.

Во Анекс II од прирачникот е даден образец за предлог за издавање привремени мерки за обезбедување на виртуелни валути и овој образец може да се користи за поднесување предлог за привремено одземање на виртуелни валути во случаите кога се пронајдени виртуелни валути врз основа на наредба за пребарување на компјутерски систем.

Во Анекс III од прирачникот е даден образец за барање за издавање наредба за пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци, во комбинација со предлог за привремена одземање на виртуелни валути.

# 2. МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ ОСНОВИ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ И КОНФИСКАЦИЈА НА ВИРТУЕЛНИ ВАЛУТИ ШТО ЈА ОБВРЗУВААТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Постојат неколку меѓународни правни инструменти кои Република Северна Македонија ги има ратификувано, а кои практичарите треба да ги имаат предвид кога во кривичните постапки се среќаваат со виртуелни валути.

Еден од меѓународните инструменти е Конвенцијата на Советот на Европа за компјутерски криминал од 23.11.2001 година[133], позната и како Будимпештанска конвенција за компјутерски криминал која беше потпишана од Северна Македонија на 23.11.2001 година, ратификувана на 15.9.2004 година и стапи на сила на 1.1.2005 година. Република Северна Македонија нема ставено никакви резерви во однос на Конвенцијата и само обезбедила информации за надлежниот орган за спроведување на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата, како и 24/7 мрежа од точки за контакт.

Будимпештанската конвенција пропишува обврски за државите да ги криминализираат делата против компјутерските системи (незаконски пристап, незаконско следење, мешање во податоци и системи итн.) и делата сторени со помош на компјутери (како што се измама, детска порнографија и повреди за правата на интелектуална сопственост)[134], да обезбедат процедурални заштитни мерки и алатки за обезбедување на електронски докази (претрес и одземање, итно зачувување податоци итн.)[135] и за вклучување во ефикасна меѓународна соработка преку комбинација на итни, привремени мерки и формална меѓусебна помош, како и 24/7 точки за контакт.[136]

133 **https://rm.coe.int/1680081561**

134 Поглавје II, дел 1 од Будимпештанската конвенција

135 Поглавје II, дел од Будимпештанската конвенција

136 Поглавје III од Будимпештанската конвенција

Од перспектива на виртуелни валути, во случаи кога за време на испрашувањето на осомничениот, осомничениот признава употреба на паричник и дава писмена согласност за одземање на виртуелните валути со помош на неговиот компјутерски систем, Будимпештанската конвенција ѝ овозможува на полицијата тоа да го стори веднаш во согласност со член 32 б) од Будимпештанската конвенција за компјутерски криминал без никакви дополнителни процедурални барања.

Други одредби релевантни за државните власти кога станува збор за Будимпештанската конвенција се оние кои овозможуваат обезбедување на претплатнички информации од давателите на услуги. Терминот „претплатнички информации“ е дефиниран во член 18.3 од Будимпештанската конвенција каде што е наведено дека за целите на овој член, терминот „претплатнички информации“ ќе ги подразбира сите информации содржани во форма на компјутерски податоци или која било друга форма, коишто се чуваат од давателите на услуги и се однесуваат на претплатниците на нивните услуги, освен податоците за сообраќајот или содржината и со кои може да се утврди:

а) видот на користената комуникациска услуга, техничките активности преземени за неа и периодот на услугата;
б) идентитетот на претплатникот, поштенската или географската адреса, телефонскиот или друг број за контакт, информациите за наплата и плаќање, достапни врз основа на договорот за услуги или спогодбата;
в) какви било други информации на местото на инсталација на комуникациска опрема, достапни врз основа на договорот за услуги или спогодбата.

Ставот 177 од Објаснувачкиот извештај од Будимпештанската конвенција[137] дополнително забележува дека претплатничките информации се однесуваат на какви и да било информации коишто ги поседува администраторот на давателот на услуги во врска со претплатник на неговите услуги. Претплатничките информации можат да бидат содржани во форма на компјутерски податоци или во која било друга форма, како што се хартиени записи. Со оглед на тоа што претплатничките информации вклучуваат форми на податоци кои не се само компјутерски податоци, во членот е вклучена посебна одредба за адресирање на овој тип на информации. Поимот „Претплатник“ е наменето да вклучи широк опсег на клиенти на давателите на услуги: од лица кои имаат платени претплати, до оние кои плаќаат по потреба, до оние кои добиваат бесплатни услуги. Претплатничките информации исто така, вклучуваат информации за лица кои имаат право да ја користат сметката на претплатникот.

137 **https://rm.coe.int/16800cce5b**

Будимпештанската конвенција ги дефинира и давателите на услуги[138], наведувајќи дека под „давател на услуги“ се подразбира:

а) секој јавен или приватен субјект кој им овозможува на корисниците на неговата услуга можност да комуницираат со помош на компјутерски систем, и
б) кој било друг субјект кој обработува или складира компјутерски податоци во име на таквата комуникациска услуга или корисниците на таквата услуга.

Од гледна точка на виртуелните валути, сите даватели на услуги како даватели на паричници и платформи за разменување се обврзани да ги дадат претплатничките информации што ги поседуваат, така што одредбите од Будимпештанската конвенција можат да се користат како законска основа за барање на претплатнички информации.[139]

Исто така, треба да се забележи дека Будимпештанската конвенција може да се користи како основа за барање и обезбедување меѓународна правна помош при добивање информации и докази релевантни за кривичната истрага која вклучува виртуелни валути.[140]

Што се однесува до другите меѓународни инструменти кои ги обврзуваат властите на Северна Македонија, вреди да се спомене дека сите меѓународни инструменти кои налагаат обврска за истрага и гонење криминални активности кои спаѓаат во опсегот на конвенциите и предвидуваат одземање и конфискација на предметите употребени за или настанати од извршување на кривично дело и на имотната корист прибавена со извршување на кривично дело,[141] всушност наметнуваат обврска и во однос на виртуелните валути, бидејќи, како што е објаснето, виртуелните валути можат да се јават во било кое од споменатите својства. Така, сите овие меѓународни инструменти можат да се наведат и како законски основи за преземање истражни, превентивни и репресивни активности во кривичните постапки во однос на виртуелните валути.

138 Член 1.в од Будимпештанската конвенција

139 Повеќе детали во врска со наредбите за информации за претплатниците може да се најдат во Упатството за T-CY белешка бр. 10 **https://rm.coe.int/16806f943e**

140 Поглавје III од Будимпештанската конвенција

141 Стразбуршка конвенција - Конвенција за перење, претрес, одземање и конфискација на имотна корист од кривично дело (CETS Бр. 141) **https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=141**; Варшавска конвенција - Конвенција за перење, претрес, одземање и конфискација на имотна корист од кривично дело и за финансирање тероризам **https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=198**; Конвенција за Кривично право за корупција (CETS Бр. 173) - **https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=173**; Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал - **https://www.unodc.org/documents/middleeastandnorthafrica/organised-crime/UNITED_NATIONS_CONVENTION_AGAINST_TRANSNATIONAL_ORGANIZED_CRIME_AND_THE_PROTOCOLS_THERETO.pdf** и сл.

# 3. ПРАКТИЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПОВРЗАНИ СО ПРИВРЕМЕНОТО ОДЗЕМАЊЕ И КОНФИСКАЦИЈА НА ВИРТУЕЛНИТЕ ВАЛУТИ ВО КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ И ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА

Органите за прогон во Северна Македонија (правосудната полиција и јавните обвинители) имаат законска можност да бараат привремено одземање и конфискација на виртуелни валути, а судовите имаат правна основа да дозволат вакви мерки. Но, и покрај можноста за користење на актуелните законски одредби за справување со виртуелните валути во кривичните постапки, останува неодговорено прашањето како тоа ќе се изведе во пракса.

Така, практичарите се соочени со дилемата а) кој ќе ја изврши судската одлука за привремено одземање или конфискација на виртуелните валути и б) како тоа ќе се направи.

Според постојната законска рамка, надлежен орган за извршување на судските одлуки за привремено одземање или за конфискација на предмети или имот генерално, вклучително и на виртуелните валути, како што беше претходно објаснето, е Агенцијата за управување со конфискуван имот. Судот може да определи друг орган доколку смета дека е посоодветно, но општо правило е дека Агенцијата за управување со конфискуван имот е надлежна за привремено одземените и конфискувани виртуелни валути. Сепак, треба да се укаже дека кога станува збор за привремено одземање на виртуелни валути, овластување за привремено одземање има и правосудната полиција.

Дури и да прифатиме дека законодавецот ја решил оваа дилема, односно дека го одговорил прашањето за надлежен орган за спроведување на одземањето и конфискацијата, останува отворено прашањето како во пракса ќе се спроведува судската одлука за привремено одземање или конфискација на виртуелни валути.

Со цел ефективно да се изврши судската одлука за привремено одземање или конфискација на виртуелните валути, виртуелните валути треба да се складираат и обезбедат. Ова се прави со пренесување на виртуелните валути од паричникот на корисникот на безбеден паричник. Главниот проблем во моментов е што не постои орган за прогон кој поседува безбеден паричник каде што може да се префрлат виртуелните валути, ниту пак е предвидено негово отворање. Доколку виртуелните валути не се префрлат на безбеден паричник, имајќи предвид дека до нив може да се пристапи од далечина и од

различни уреди, корисникот најверојатно ќе ги префрли на друг паричник или ќе ги продаде, правејќи ги напорите на органите на прогон залудни.

Треба да се забележи дека одземањето на компјутер (кој содржи софтверски паричник), уред за хардверски паричник и хартиен паричник не е доволно. Исто така, копирањето на датотека DAT (која содржи паричник) од компјутер нема да биде доволно. Одземањето на компјутер или хардверски паричник не е еднакво на одземање на криптовалутите.[142]

Складирањето и обезбедувањето на виртуелните валути не е дел од ниту една национална стратегија или друг вид на документ којшто би го дефинирал типот на паричник што властите треба да го отворат и што треба да се користи како безбеден паричник. Така, органите на прогонот имаат широк опсег на можности кога станува збор за отворање и управување со безбеден паричник.

Освен складирање и обезбедување, виртуелните валути исто така може да се конвертираат. Како што беше претходно објаснето, конвертирањето на виртуелните валути значи дека тие треба да се продадат и парите да се депонираат на посебна сметка. Доколку се анализираат важечките законски одредби, Агенцијата за управување со конфискуван имот може по претходна согласност на судот да донесе одлука за продажба на привремено одземените движни ствари доколку оцени дека складирањето на стварта ја намалува нејзината вредност или трошоците за нејзино складирање се несразмерно високи.[143] Имајќи предвид дека според Законот за сопственост и други сопственички права движни ствари се оние кои можат да се преместуваат или преместуваат од едно место на друго, без да се наруши нивната суштина[144], виртуелните валути можат да се сметаат за движни ствари и според тоа можат да се продаваат дури и ако се само привремено одземени.

Сепак, овие одредби не ги надминуваат тешкотиите што произлегуваат од потребата да се обезбедат виртуелните валути. Во случаите кога се донесува одлука за продажба на виртуелните валути, најнапред виртуелните валути треба да се префрлат на безбеден паричник, а потоа да се продадат. Како што беше споменато, Агенцијата може да одлучи да ги продаде привремено одземените виртуелни валути, но потребна е согласност од судот. Тоа значи дека во случај кога се исполнети законските услови Агенцијата може да поднесе барање до судот за добивање на согласност за продажба

142 “Guide on seizing cryptocurrencies”, Cybercrime program office of Council of Europe, февруари 2021, стр. 24

143 Член 48 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и запленети предмети во кривични и прекршочни постапки

144 Член 13 од Законот за сопственост и друго право засновано на сопственост (Службен весник на Северна Македонија 18/01, 92/08, 139/09, 35/10)

на виртуелните валути. Треба да се напомене дека овие активности се случуваат откако виртуелните валути се формално привремено одземени и пренесени на безбеден паричник.

И покрај фактот што не постојат конкретни законски одредби за отворање и управување со безбеден паричник, секој од инволвираните органи на прогонот може да донесе одлука за отворање на ваков паричник заради исполнување на своите законски надлежности. Имено, според Уставот на Република Северна Македонија, сѐ што не е забрането со Устав и закон е дозволено[145], така што органите на прогонот се слободни да ги преземат сите неопходни мерки, кои не се забранети со Устав или закон, со цел целосно извршување на нивните надлежности. Покрај тоа, меѓународните правни инструменти коишто се прифатени од Република Северна Македонија бараат од државните власти да ги преземат сите неопходни мерки што ќе обезбедат нивна целосна имплементација. Така, секој од органите за прогонот може да одлучи да отвори безбеден паричник и да усвои внатрешни процедури/протоколи кои ќе го регулираат отворањето и управувањето со безбедниот паричник. При дизајнирањето на внатрешните процедури/протоколи посебно внимание треба да се посвети на прашањето за типот на безбеден паричник, пристапот до паричникот, надоместоците за трансакцијата и натамошното управување со виртуелните валути.

Прашање што мора да биде адресирано од законодавецот е што се случува со виртуелните валути по нивното конечно одземање. Според постојната законска регулатива, судот е надлежен орган кој одлучува за продажба на виртуелните валути, но тоа е само дискреционо овластување на судот и продажбата не е задолжителна. Во случаите кога нема судска одлука за продажба на виртуелните валути, нејасно е што треба да направи Агенцијата. Така, би било од големо значење за практичарите доколку постои општо правило кое ја одредува судбината на виртуелните валути по нивната конфискација. Дополнително, недостатокот на правила може да се гледа како можност Агенцијата да ги задржи виртуелните валути и да одлучи да ги продаде подоцна, што може да остави простор за злоупотреби и може да доведе до финансиски загуби.

145 Член 8 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник на Северна Македонија 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11, 6/19, 39/19)

# V. Искуствата на Република Словенија за постапување со виртуелни валути во кривичните постапки

Бидејќи не постојат посебни одредби кои би го регулирале постапувањето со виртуелни валути во кривичните постапки во Словенија, државниот обвинител на Република Словенија донесе Решение бр. VDT-Tu-15-5/4/2019 за формирање работна група одговорна за изработка на упатства за постапување во кривични случаи поврзани со виртуелни валути. Работната група ја сочинуваа јавен обвинител, двајца правни советници и двајца полициски инспектори. Работната група ја проучи специјализираната литература достапна во оваа област, како и постоечките практични примери поврзани со виртуелните валути и формираше необврзувачка препорака за обвинителите. Упатството за истрага на кривични дела поврзани со виртуелни валути (во натамошниот текст: Упатството) е донесено во ноември 2019 година[146]. Релевантните делови од Упатството се објаснети подолу.

## 1. ПРАВНА РАМКА

Виртуелната валута како таква е дефинирана со член 3, точка 48 од Законот за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам (во натамошниот текст ZPPDFT-1B)[147]:

„- виртуелната валута е дигитален приказ на вредност што не е издадена или гарантирана од централна банка или јавен орган, не е нужно поврзана со законски воспоставена валута и не поседува правен статус на валута или пари, но е прифатена од физички или од правни лица како средство за размена и кое може да се пренесува, складира и тргува по електронски пат“.

Оваа дефиниција на Директивата (EU) 2018/843 (AMLD5) беше транспонирана во словенечкиот правен поредок со измената на ZPPDFT-1B, која важи од 11 јули 2020 година.

146 Guidelines for the investigation of criminal offences related to virtual currencies, ref. no. Ktr-zb-9/11/2019/AF-nf, Врховното државно обвинителство на Република Словенија, ноември 2019

147 Prevention of Money Laundering and Terrorist Financing Act, Службен весник на Словенија, бр. 68/16, 81/19, 91/20 и 2/21)

Виртуелните валути не се сметаат за средства во Република Словенија. Како што е наведено во точка пет од член 4 од Законот за платежни услуги, услуги за издавање електронски пари и системи за плаќање[148], средствата вклучуваат банкноти, монети, книжни пари и електронски пари. Бидејќи предметните валути се, како што сугерира нивното име, виртуелни (поконкретно дигитални записи со аналогна парична вредност), додека банкнотите и монетите се издаваат од Банката на Словенија и Европската централна банка (ЕЦБ), виртуелните валутите не можат соодветно да се дефинираат, иако нивната вредност може да се чува на медиум споредлив со банкнота или монета (на пр. хартија [хартиен паричник] или монета). Слично на тоа, тие не можат да се дефинираат како книговодствени пари, односно пари внесени на сметките на платежните институции. Како што е наведено во став 1 од член 24 од овој закон, платежните институции се правни лица основани во Република Словенија кои вршат барем дел од своите платежни активности во Република Словенија и имаат добиено соодветно овластување од Банка на Словенија; Меѓутоа, компаниите кои издаваат, управуваат или работат со виртуелни валути, обично не ги исполнуваат овие услови. Електронските пари се однесуваат на складирана парична вредност во форма на побарување на имателот на електронски пари спрема издавачот на електронски пари, се издаваат од издавачот на електронски пари врз основа на прием на средства заради извршување платежни трансакции и се прифаќаат како средство за плаќање од страна на лице различно од издавачот на електронски пари (точка 11 од член 4 од овој закон). Затоа, виртуелните валути не можат да се дефинираат како електронски пари, бидејќи нивните сопственици немаат побарување кон нивните издавачи (тие имаат побарување кон непознати корисници на виртуелната валута), и бидејќи компаниите што издаваат, управуваат или работат со виртуелни валути не се издавачи на електронски пари како што е дефинирано во член 158 од законот наведен погоре.

Виртуелните валути, исто така, не можат да се дефинираат како странска готовина, како што е дефинирано во член 4 од Законот за девизи[149], бидејќи тие не се банкноти и монети во странска валута издадени од централна банка или држава. Понатаму, виртуелните валути не се хартии од вредност (член 4 од Законот за хартии од вредност – ZNVP-1)[150], бидејќи од нив не произлегува никаква обврска, нивните издавачи не се обврзани со никакви обврски и не се создаваат со упис во централниот регистар на хартии од

148 Payment Services, Services for Issuing Electronic Money and Payment Systems Act, Службен весник на Словенија, бр. 7/18, 9/18 и 102/20

149 Foreign Exchange Act, Службен весник на Словенија, бр. 16/08, 85/09 и 109/12)

150 Book-Entry Securities Act, Службен весник на Словенија, бр. 75/15, 74/16 – ORZNVP48, 5/17, 15/18 и 43/19

вредност. И на крај, виртуелните валути, како што е дефинирано во точка 48 од член 3 од ZPPDFT-1, не се финансиски инструменти, како што е наведено во став два од член 7 од Законот за пазар на финансиски инструменти (ZTFI-1)[151], бидејќи тие не се преносливи хартии од вредност, инструменти на пазарот на пари или деривативни финансиски инструменти.

Од усвојувањето на еврото, законско средство за плаќање во Република Словенија се банкноти и монети деноминирани во евра (член 3 од Законот за воведување на еврото[152] ), што не ја исклучува употребата на виртуелни валути за деловни цели. Бидејќи изречно не забранува таква употреба, лицата можат да се согласат да користат виртуелни валути како средство за плаќање. Впрочем, исполнување е извршување на она што е содржина на обврската (став 1 од член 282 од Облигациониот законик - во натамошниот текст: OZ)[153], додека обврската може да биде таква што некој ќе обезбеди нешто (став 1 од член 34). Бидејќи фразата „обезбедува нешто" е недефинирана и може да се реализира на многу различни начини, и бидејќи преносот на виртуелна валута не е невозможен, недозволен, неспецифичен или неодреден (член 35 од OZ), логичен заклучок би бил дека виртуелните валути можат да се користат за исполнување на договорните обврски доколку страните се согласиле на таква употреба. До овој заклучок може да се дојде и врз основа на точка 48 од член 3 од ZPPDFT-1, која предвидува дека виртуелните валути можат да претставуваат директно средство за плаќање помеѓу субјектите што тоа го прифаќаат. Таков е и ставот на Судот на правдата на Европската Унија во случајот C-264/14 (Skatteverket v David Hedqvist), пресудувајќи дека биткоинот е законско средство за плаќање, но не и материјална сопственост.

Во Упатството беше предложено дека во однос на правните карактеристики на кривичното дело, виртуелните валути не можат да се сметаат за движен имот или за самостоен физички предмет (член 15 од Законот за сопственост во натамошниот текст: SPZ[154] и став шест од член 99 од Кривичниот законик – во натамошниот текст: KZ-1[155]), бидејќи тие не можат да се материјализираат (на пр., да се направат во банкноти или монети со припишана вредност), тоа е основен предуслов за дефиницијата на „ствар".

Сепак, упатствата наведоа дека виртуелните валути заслужуваат ***sui generis*** статус сличен на правата на сопственост, бидејќи тие се преносливи, носат

151 Market in Financial Instruments Act, Службен весник на Словенија, бр.77/18, 17/19, 66/19 и 123/21

152 Euro Adoption Act, Службен весник на Словенија, бр. 114/06)

153 Obligations Code, Службен весник на Словенија, бр. 97/07, 64/16 и 20/18 – OROZ631

154 Law of Property Code, Службен весник на Словенија, бр. 87/02, 91/13 и 23/20

155 Criminal Code, Службен весник на Словенија, бр. 50/12, 6/16, 54/15, 38/16, 27/17, 23/20, 91/20 и 95/21

објективно препознатлива економска вредност што може да се изрази во пари, и можат да се исплатат во пари или на друг начин да се користат за деловни цели (член 22 од SPZ). Во однос на принципот на правна сигурност на кривичното право (*lex certa*), законодавецот би морал да го измени KZ-1 и да даде поконкретна дефиниција за виртуелните валути, обликувана според дефинициите за генерирана или акумулирана енергија за целите на осветлување, греење, зрачење, возење, движење или пренос на глас, слика или текст на растојанија (став шест од член 99 од KZ-1); правната класификација на кражба (член 204 и други членови по него) не би била можна.

Сепак, по усвојувањето на Упатството, Врховниот суд на Република Словенија постапуваше по предмет во кој обвинетиот е осуден за кривично дело проневера, согласно чл. 208 од KZ-1, каде обвинетиот противправно присвоил кредитни пари на оштетен. Врховниот суд на Република Словенија пресуди[156] дека надворешниот изглед на парите во материјална или нематеријална форма не може да биде пресуден за нивната казненоправна заштита, бидејќи, како што е видливо и од насловите на дваесет и третото поглавје од Кривичниот законик, кое содржи дела од овој вид, заштитено добро е странската сопственост, а главното дејствие на извршување нејзиното е лишување од посед на корисникот или нејзиното присвојување. Средството кое е засегнато и заштитено со кривичното право е имотот во смисла на сопственост, како основно право на сопственост, од кое сторителот го лишува корисникот, или со присвојување готовина или со присвојување кредитни пари или во двата случаи со задржување на истите. Затоа, неопходно е да се согласиме дека не е во согласност со законот да се прави разлика помеѓу концептите на „материјални“ и кредитни пари на начин користен во обжалената пресуда[157], и дека таквото толкување ќе го оневозможи обезбедувањето ефективна и сеопфатна правна заштита од отуѓување и други сродни дела. И покрај тоа што оваа пресуда не се занимава со виртуелни валути, толкувањето на „материјалност“ може да се примени и за виртуелните валути, што сугерира дека исто така кривичното дело кражба би било можно без измена на сегашните одредби од KZ-1.

156 Пресуда на Врховниот суд на Република Словенија, бр. I Ips 21072/2014 од 15 октомври 2020

157 Пресуда на Вишиот суд во Марибор, бр. IV Кр 21072/2014 - пресудата се заснова на толкувањето дека треба да се внимава на разликата помеѓу случаите во кои парите во банкноти и монети можат да бидат опипливи и, следствено, може да се преместат без оштетување на нивната суштина, и случаи во кои таквата опипливост не е можна. Се истакна дека суштината на нештата, освен фикциите наведени во член 99(6) од КЗ-1, лежи во нивната телесност, повикувајќи се на дефиницијата на концептот на ствар во член 15 од Граѓанскиот законик, кој не е случај со одредени видови пари (кредитни пари). Тој објасни дека, според описот на прекршокот, парите за кои станува збор во конкретниот случај се пари присвоени во форма на дознака, односно кредитни пари како податоци, а не нешто опипливо во физичка форма што тие пари го немаат

# 2. ИСТРАЖУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Имајќи предвид дека трансакциите со виртуелни валути вообичаено се јавни и проверливи (исклучоци се Monero [XMR], ZCash [ZEC] и некои други помалку познати валути), истрагата за кривични дела може да користи традиционални методи, како и пристапот „следи ги парите“, преку проверка на јавните книги или блокови (на пр. користење на софтверот Chainalysis). Бидејќи корисниците на виртуелните валути се анонимни, целта на овој пристап е да се открие идентитетот на непознат сторител или да се поврзе познат сторител со нелегални приходи, што може да се постигне со: **а) идентификување на давателот на електронскиот паричник на сторителот, б) идентификување на ИП-адресата на корисникот на одреден електронски паричник** и **в) обезбедување на податоците за тргувањето од сметката на сторителот од давателот на услуги за онлајн размена (платформи за разменување).**

Целта на **првата мерка (а)** е да се обезбедат што е можно повеќе податоци кои се создадени преку употреба на електронски паричник за виртуелни валути. Некои даватели на услуги собираат широк спектар на информации за корисниците, како што се: лично име, географска или електронска адреса, телефонски број, копија од лична карта или сметка со која се докажува живеалиштето, број на трансакциска сметка или дебитна картичка, ИП- адреси и време на пристап до паричникот, типот и верзијата на уредот, неговиот оперативен систем и веб-прелистувачот (за електронски паричници). Ако трансакциите со виртуелна валута се поврзани со одредена адреса на паричникот за да се открие неговиот давател на услуга, некои од информациите споменати погоре може да се добијат врз основа на одредбите од членовите 149б и 149ч од Законот за кривична постапка (во натамошниот текст: ЗКПС[158]). Наведените членови претставуваат законска основа за обезбедување податоци од електронската комуникациска мрежа.[159] Пред тоа, општите услови или политиката на приватност на давателот на електронски паричник (т.е. давателот на информативната услуга) треба да се испитаат за да се утврди дали давателот собира лични податоци и податоци за сообраќајот на неговите корисници, кои податоци ги собира и колку долго ги чува (на пр. со проверка на нивната веб-страница). Само откако ќе се утврди дека давателот на услугата собира некоја од наведените

158 Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Словенија, бр. 32/12, 47/13, 87/14, 8/16, 64/16, 65/16, 66/17 – ORZKP 153,154, 22/19, 55/20, 89/20, 191/20, 200/20 и 105/21

159 Треба да се напомене дека Законот за кривична постапка на Република Словенија воопшто не ги споменува виртуелните валути, така што постоечките законски одредби се користат во случаи на виртуелни валути

информации можат да бидат утврдат конкретни мерки (на пр. врз основа на член 149ч од ЗКПС за лично име, географска или електронска адреса, телефонски број, копија од лична карта или сметка со која се докажува живеалиште, трансакциска сметка или број на дебитна картичка; член 149б за ИП-адреси, времиња на пристап до паричникот, тип и верзија на уредот, оперативен систем и веб-прелистувач) или да биде побарано прелиминарно зачувување на податоци (член 149д од истиот). Во спротивно овие мерки не се соодветни бидејќи нивните цели не можат да се постигнат.

Додека ги следите парите во блокчејнот, приспособениот софтвер во некои случаи може директно да ја открие ИП-адресата на електронскиот паричник што ги содржи добиените единици на виртуелна валута **(мерка б)**. Во овој случај, софтверската алатка WHOIS може да се користи за да се одреди давателот или операторот кој управува со ИП- адресата, кој потоа го пренесува идентитетот на вистинскиот корисник. Ако софтверската алатка покаже дека ИП-адресата е управувана од давател на услуги ВПН или VPS, треба да се испитаат нивните општи услови или нивната политика за приватност (на пр. со проверка на нивната веб-страница) за да се утврди дали собираат лични податоци за нивните корисници и колку долго ги чуваат. Во такви случаи, се препорачува овие податоци да се бараат од давателот на информативната услуга или од операторот со примена на мерките дефинирани во член 149б од ЗКПС, како и член 220 од истиот во врска со членовите 29 и 31 од Конвенцијата за компјутерски криминал (на пр. за огледални слики на изнајмени виртуелни приватни сервери или огледални слики на податочни медиуми), во спротивно (или во случаи кога ИП-адресите се пренасочени преку мрежите Tor, I2P или Freenet) оваа мерка не е соодветна бидејќи идентитетот на корисниците не може ефикасно да се утврди.

Најоптимално средство за собирање докази е понудено со **третата мерка (в).** Ако инспекцијата на блокчејнот покаже дека единиците на виртуелната валута биле префрлени на адреса на електронски паричник обезбеден од онлајн платформа за размена, тогаш, со комбинирање на мерките дефинирани во членовите 149б (149д во итни случаи) и 156 од ЗКПС, од платформата за размена може да се бара да ги пренесе сите лични податоци, податоци за сообраќајот и финансиски податоци создадени од корисниците додека ги користеле услугите на платформата за размена. Затоа, предлагаме во случаи кога единиците на виртуелната валута се префрлени на адреса на електронски паричник обезбеден од онлајн платформа за размена, да се испитаат општите услови и политиката за приватност (на пр. со проверка на веб-страницата) и потоа, во зависност од низата складирани податоци, да се избере соодветна мерка. Врз основа на став пет од член 156 од ЗКПС, полицијата ќе може да ги бара личните податоци (најчесто лично име, географска или електронска адреса, телефонски број, копија од лична

карта или сметка со која се докажува живеалиште, трансакциска сметка или број на дебитна картичка) од компании кои издаваат, управуваат или работат со виртуелни валути. Во други случаи, истражен судија ќе треба да издаде судска наредба за добивање податоци за сообраќајот (ИП-адреси, време на пристап до паричникот, тип и верзија на уред, оперативен систем и веб-прелистувач) согласно член 149б и/или за прибавување финансиски податоци согласно со ставовите еден и три од член 156.

# 3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

Бидејќи виртуелните валути се споредливи со правата на сопственост, имотна корист во форма на виртуелни валути може да биде конфискувана од сторителите на кривични дела. Како што е предвидено во став 1 од член 75 од KZ-1, имотна корист стекната преку или поради извршување кривично дело ќе биде (меѓу другото, но првенствено) конфискувана од сторителот или од примателот на користа. Оваа мерка по својата природа е поблиска до граѓанска отколку до кривична санкција, бидејќи нејзината цел е да се постигне реституција, т.е. враќање на имотот и враќање на државата пред извршување на кривичното дело[160]. Ова може да се постигне во име на оштетениот и со конфискација на виртуелни валути од сторителот или од примачот. Во такви случаи, кривичната постапка може да опфати привремено обезбедување на побарувањата за конфискација на имотна корист (член 109, став 1 од член 502 од ЗКПС), бидејќи тоа го дозволуваат виртуелните валути.

Како што споменавме погоре, единиците на виртуелната валута може да се сметаат за сопственост на поединец, особено поради нивната вредност; може да се изречат конкретни мерки врз основа на одредбите од Законот за извршување и обезбедување на побарувањата (ZIZ). Доколку се утврди дека сторителот или примачот има трговска корисничка сметка отворена кај компанија која издава, управува или работи со виртуелни валути (т.е. организација за платежни трансакции), судот може да ѝ наложи на компанијата да го спречи сторителот или секое лице овластено од страна на сторителот од користење на нивните единици на виртуелни валути.

Наведената мерка е применлива само ако средствата се депонирани на трговска корисничка сметка на препознатлива онлајн платформа за размена или на компанија која издава, управува или работи со виртуелни

160 Пресуда на Врховниот суд на Република Словенија, уп. бр. VSRS I Ips 19290/2017

валути. Во други случаи, кога единиците за виртуелна валута се депонирани на електронските паричници на сторителите или примачите, а полицијата ги одзела електронските уреди или физичките паричници (член 220 од ЗКПС), не значи дека и наведените единици од виртуелната валута се одземени. Всушност, ваквиот начин на конфискација претставува безбедносен ризик, бидејќи некој што дејствува во име на сторителот може да пристапи до електронскиот паричник на вториот, конфискуван во неговата физичка форма и неповратно да префрли средства од него. Затоа препорачуваме полицијата веднаш да побара дозвола од познати и достапни корисници на електронски паричник или прелиминарна писмена (став два од член 219а од ЗКПС) или итна усна наредба (став пет од член 219а од истиот) од истражен судија, бидејќи ова е единствениот начин за легален пристап до системот на електронски паричник. Потоа, достапни се две опции, чиј избор треба да зависи од тоа за кој електронски паричник се одлучил корисникот.

## Опција еден

Согласно став еден од член 223а од ЗКПС, виртуелните валути се заштитуваат со нивно складирање на различен соодветен медиум, при што медиумот и приватниот клуч што овозможуваат негово користење се складирани заедно, додека соодветната датотека се чува во заклучена каса заради безбедност и спречување на неовластен пристап.

## Опција два

Согласно одредбите од член 502 et seq. од ЗКПС, јавен обвинител ќе побара од истражен судија, по одземање електронски паричник, налог до лиценцирана компанија која издава, управува или работи со виртуелни валути да ги префрли единиците на виртуелната валута, да ги продаде и да го исплати истиот износ во евра на сметката за судски влогови на Република Словенија при Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: UJP) во сопственост на судот што го издал налогот. Доколку корисниците не одлучат за начинот на безбедност, ќе се смета дека ги прифаќаат ризиците поврзани со виртуелните валути, затоа во такви случаи треба да се постапи во согласност со опцијата еден.

Виртуелните валути се нераскинливо поврзани и со економските ризици, бидејќи нивните еквивалентни износи во евра или во други валути брзо се менуваат. Доколку вредноста на обезбедените единици на виртуелна валута се намали, јавниот обвинител може да му предложи на судот да издаде налог за продажба на сите единици на виртуелна валута (член 506а од ЗКПС) и трансфер на износот во евра на сметката за судски влогови на Република Словенија при Управата за јавни приходи во сопственост на судот кој го издал налогот. Пред ваквата одлука, судот мора да го добие мислењето на

сопственикот на стварта (доколку е познат сторителот или оштетениот) или да ја достави поканата за да даде мислење (ако сторителот или сопственикот на единиците на виртуелната валута е непознат – став 2 од чл. 506 од ЗКПС) за тоа дали јавниот обвинител треба да предложи продажба на стварта или не. Ако вредноста на виртуелната валута се зголеми, јавниот обвинител треба во кривичната постапка да тврди дека на запленетите единици на виртуелна валута им се припишува нивната бруто-вредност. Последното е познато во словенечката судска практика како „бруто-принцип“ што значи дека сторителите на кривични дела не може да се потпрат на одбивање трошоци кои сами по себе се незаконски, бидејќи тие се неразделно поврзани со претходна незаконска активност или произлегуваат од таква активност.[161] Инструментот за конфискација на имотна корист стекната со или поради извршување кривично дело не е посветен само на реституција, или со други зборови - за враќање на финансиската состојба како пред извршувањето на кривичното дело, туку и има за цел да спречи евентуални идни незаконски активности на сторителот.

Бидејќи кривичните дела и околностите околу нив се различни, истрагите може да користат други пристапи и различно да ги дефинираат делата на сторителите и другите учесници. Затоа, сегашните препораки претставуваат само работна алатка за олеснување на истрагите на кривични дела кои вклучуваат виртуелни валути и не треба да се сметаат за правно обврзувачки.

# 4. СУШТИНСКИ КРИВИЧНИ ОДРЕДБИ ВО СЛОВЕНЕЧКАТА ПРАВНА РАМКА[162]

Кривичните дела поврзани со виртуелните валути може да се поделат во две главни групи (врз основа на случаи кои ги испитуваат и регистрираат јавните обвинителства): Првата група се однесува на виртуелните валути како мета поради нивната вредност (на пр. измама, како што е дефинирано во член 211 од KZ-1), додека втората група вклучува виртуелни валути како средство за извршување други кривични дела (на пр. плаќање во контекст на незаконска трговија со недозволени супстанции, како што е дефинирано во член 186 од истиот).

Првата група на кривични дела (виртуелните валути како мета поради нивната вредност) се состои од најмалку четири подгрупи, во зависност од начинот на извршување на кривичното дело:

161 Види пресуда на Врховниот суд на Република Словенија, уп. бр. I Ips 19290/2017

162 Упатство за истрага на кривични дела поврзани со виртуелни валути, уп. бр.Ktr-zb-9/11/2019/AF-nf, Врховно државно обвинителство на Република Словенија, ноември 2019

а) Првата подгрупа вклучува дејствија во кои сторителот лажно претставува факти и го доведува во заблуда оштетениот, така што вториот префрла одреден број единици на виртуелна валута во електронскиот паричник на првиот. На пример, сторителите тврдат дека собираат средства за понатамошни инвестиции или дека дополнителни средства ќе им бидат доделени на корисниците на виртуелната валута и го убедуваат оштетениот да генерира дополнителен (лесен) профит и неповратно да им префрли одреден број единици на виртуелна валута, но не ги исполнуваат своите обврски. Според нашето мислење, таквото дело на сторителот ги покажува сите знаци на измама како што е дефинирано во член 211 од KZ-1.

б) Втората подгрупа вклучува комбинација од дејствија во кои сторителите со измама го добиваат приватниот клуч, корисничкото име или лозинката на оштетениот (обично со фишинг е-пошта), ги користат овие податоци за пристап до електронскиот паричник на оштетениот и го запленуваат паричникот или префрлаат единици на виртуелна валута на нивната сопствена сметка. Бидејќи сторителите знаат кои податоци им се потребни за да ги добијат единиците на виртуелната валута на оштетениот, нивните дејствија на измама на оштетениот покажуваат некои карактеристики на измама како што е дефинирано во член 211 од KZ-1. Овој чин, сепак, е само прелиминарна (и суштинска) фаза на последователен напад врз информациските системи како што е дефинирано во член 221 од KZ-1. Сторителите незаконски влегуваат во информациски систем, менуваат податоци (на пр. внесуваат свои информации за пристап и запленување на паричникот на оштетениот), трошат средства неовластено (на пр. за плаќања) или ги префрлаат (т.е. прераспределуваат единици на виртуелна валута во сопствените електронски паричници). Во такви случаи, поради односот на супсидијарност (очигледно идеално совпаѓање) или ослободувањето од казнување на претходното дело (очигледно реално совпаѓање), во зависност од временската и просторната поврзаност меѓу двете дела, сторителите се товарат само за кривичното дело напад врз информациски (компјутерски) системи како што е дефинирано во член 221 од KZ-1 (или, во однос на специјалност, член 237 од него).

в) Третата подгрупа вклучува кривични дела во кои сторителите крадат физички паричник кој содржи приватни клучеви, ги користат за пристап до информацискиот систем (електронскиот паричник на оштетениот и следствено системот на виртуелната валута), менуваат податоци (на пр. внесуваат сопствени информации да пристапат и да го одземат паричникот на оштетената страна), трошат средства неовластено (на пр. за плаќања) или ги префрлат

(т.е. ги прераспределуваат единиците на виртуелната валута во нивните сопствени електронски паричници). Таквото дело во име на сторителите покажува само знаци на напад на информациски системи како што е дефинирано во член 221 од KZ-1 (или, во однос на специјалноста, член 237 од истиот), бидејќи кражбата на физичкиот паричник е веќе вклучена (односот на супсидијарност - очигледно реално совпаѓање) или одговара на неказнувано прелиминарно дејствие (очигледно реално совпаѓање), во зависност од временската и просторната корелација меѓу двете дела. Оваа подгрупа опфаќа различни модалитети на кривични дела, во зависност од намерата на сторителот (на пример, ако сторителите не знаат дека паричникот содржи лични клучеви и мислат дека тоа е само обичен USB- клуч, кој потоа го препишуваат, нивниот чин само ги покажува карактеристиките на кражба, како што е дефинирано во став два од член 204 од KZ-1).

г) На крајот, четвртата подгрупа се состои од дејствија во кои сторителите неоправдано (на пр. со хакирање) пристапуваат до информацискиот систем (електронскиот паричник на оштетениот и следствено системот за виртуелни валути), менуваат податоци (на пр. внесуваат сопствени информации да пристапат и да го одземат паричникот на оштетената страна), трошат средства неовластено (на пр. за плаќања) или ги префрлат (т.е. ги прераспределуваат единиците на виртуелната валута во нивните сопствени електронски паричници), нивното дело само покажува карактеристики на сериозно кривично дело напад на информациски системи како што е дефинирано во став два од член 221 од KZ-1 (или, во однос на специјалност, член 237 од него).

Втората група се однесува на кривични дела во кои виртуелните валути претставуваат средство за плаќање или имот стекнат во контекст на незаконска трговија со недозволени супстанции, оружје, украдени стоки итн. Во оваа смисла, виртуелните валути повлекуваат само незаконски стекната имотна корист и не претставуваат криминални предмети заштитени со овие кривични дела.

Бидејќи на виртуелните валути може да им се припише паричен еквивалент, можно е да се утврди причинетата штета или имотната корист што ја стекнал сторителот преку извршување кривично дело (став девет од член 99 од KZ-1). Нашето мислење е дека, поради флуктуации во вредноста на виртуелните валути, штетата или нелегалната имотна корист треба да се смета врз основа на вредноста во моментот кога сторителите ја постигнале својата цел со извршување на кривичното дело, т.е. да добијат единици на виртуелна валута. Во овој момент, сторителите обично добиваат единици на виртуелна валута како „плаќање“ или го спречуваат оштетениот да

ги користи таквите единици (на пр. со неповратен трансфер на нивниот сопствен електронски паричник).

Посебно внимание треба да се посвети на кривичното дело перење пари, дефинирано во член 245 од KZ-1. Како што е дефинирано погоре, системите за виртуелна валута дозволуваат мешање на единици на виртуелна валута за да се зголеми анонимноста. Мешањето најчесто го обезбедуваат други корисници на специфичен систем на виртуелна валута; за одреден процент од трансакцијата, тие пренесуваат единици од различна виртуелна валута на нова јавна адреса на одреден електронски паричник, со што се прекинува синџирот на направени и следени трансакции. Ова кореспондира со креирањето на слоеви, т.е. прикривање на изворот и сопственоста на валутата. Сепак субјектите кои овозможуваат мешање и креирање на слоеви не се кривично одговорни според член 245 од KZ-1. Дури и ако некој трудољубиво го прегледа блокчејнот за да го открие изворот на единиците на виртуелната валута, не би можел и не би знаел дали овие единици се стекнати незаконски. Но, горенаведеното не се однесува на: 1) сторителите на кривични дела кои знаат дека нивните виртуелни валутни единици се незаконски прибавени; 2) давателите на услуги на мешање кои знаат или треба да знаат (на пример, по добивањето полициско известување) дека единиците на виртуелната валута измешани од нив биле незаконски добиени (став пет од член 245 од KZ-1).

# 5. ПРАКТИЧНО ИСКУСТВО – СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Во следниот дел ќе го претставиме првиот кривичен случај во Словенија во кој се користеле виртуелни валути за плаќање нелегални услуги, обезбедени од сторителите. Според тоа, добиените виртуелни валути претставувале имотна корист од кривично дело кои треба да бидат одземени и конфискувани.[163]

Во отсуство на законска регулатива за виртуелните валути, а со тоа и регулирање на законски прифатливите начини на постапување со виртуелните валути, надлежниот обвинител и полицијата беа соочени со важни прашања поврзани со извршувањето на соодветните мерки со кои би се обезбедиле прифатливи докази.

163 Според чл. 74 од КЗ-1 никој нема да ги задржи имотните придобивки стекнати со или произлезени од кривично дело. Таквиот имот ќе се одземе врз основа на судска одлука со која се утврдува постоење кривично дело под услови наведени во Кривичниот законик

## Фактичка состојба

Специјалното државно обвинителство на Република Словенија доби барање за правна помош од австриски колеги за започнување тајна паралелна истрага против словенечки државјани на територијата на Словенија. Во Австрија беше покрената кривична постапка против нивни државјанин, обвинет дека неколку пати купувал дрога, користејќи специфична интернет-платформа позната во светот. Како резултат на неговата криминална активност преземени се посебни мерки за откривање на администраторите на интернет-платформата. Австриските власти извршуваа различни тајни и класични истражни мерки од мај 2014 година.

Двајца словенечки државјани администрираа онлајн платформа, која беше поставена за продажба на недозволени супстанции. На веб-страницата на клиентите им беше обезбеден списокот на достапни супстанции и нивните цени. Иако веб-страницата беше јавно достапна, купувачите мораа да се регистрираат пред купување. Веб-страницата работеше на серверот со ИП што ѝ припаѓаше на компанија од Хонгконг. На купувачите од различни земји од целиот свет им беа понудени различни начини на плаќање; виртуелни валути (биткоин), префрлање пари со (Вестерн Јунион) и на почетокот, исто така, директни плаќања на сметката на компанијата во Словенија - таа набрзо беше затворена и беше формирана офшор банкарска сметка. Испораките доаѓаа од Словачка, Чешка, Шпанија и Холандија. Веб-страницата не понуди информации за компанијата и за нејзините правни застапници. По регистрацијата клиентите можеа да направат нарачка. Целата понатамошна комуникација беше извршена преку е-пошта.

## Посебни истражни мерки

Беа применети следните посебни (тајни) истражни мерки: таен надзор, добивање податоци за електронска комуникација, следење комуникација, скриени операции и добивање банкарски информации. Сите докази, добиени на тој начин, го потврдија фактот дека сторителите примале плаќања во биткоин.

Во предистражна постапка беше формирана специјална истражна група. Се состоеше од Специјалното државно обвинителство на Република Словенија, Одделението за спречување на перење пари и полициски инспектори. Одделението за спречување на перење пари побара информации од други единици за финансиско разузнавање низ ЕУ и доби информации од Агенцијата за финансиско разузнавање на Луксембург, потврдувајќи дека обвинетите имале биткоини во нивните паричници. Во исто време, Агенцијата за финансиско разузнавање на Луксембург испрати извештај за трансакции со биткоини кои беа извршени на трговски сметки на двајцата сторители на платформата Bitstamp. Сите трансакции беа дополнително анализирани

од Одделението за спречување на перење пари. Беше потврдено дека мнозинство од приливите биле направени од други лица, идентификувани како купувачи на недозволени супстанции и во тој контекст средствата претставуваат вредност стекната со извршување кривично дело.

## Привремено одземање и конфискација на биткоини

Во текот на истрагата беа идентификувани неколку адреси на биткоин, користени од двајца главни обвинети за примање плаќања во биткоини. Дел од средствата беа депонирани на трговска сметка управувана од Bitstamp S.A. од Луксембург. За ова, судот определи привремена мерка со која се обезбедува барање за конфискација на имотна корист, по претходно образложен предлог на јавниот обвинител. Предлогот на обвинителот опфати детално образложение на основано сомнение дека сторителите сториле кривично дело, постоење на недозволено стекната корист и ризик обвинетиот сам или преку други лица да ги искористи таквите приходи за натамошни криминални активности или за да ги прикрие, отуѓи, уништи или на друг начин отстрани со цел да го спречи или отежне значително нивното одземање по завршената кривична постапка. Добро беше објаснета и пропорционалноста на мерката.

Идентификувани се и четири други адреси врз основа на анализа на трансакциите на банкарските сметки и при извршување на посебни истражни мерки (таен надзор и таен агент кој вршел лажни набавки). Според резултатите од анализата, еден од сторителите редовно вадел готовина од биткоини на банкоматите за биткоин во еден словенечки град. Тоа беше потврдено со хартиени сметки пронајдени за време на претрес на живеалиште, таен надзор и кратки пораки со кодови на биткоин-банкомат добиени на мобилниот телефон на сторителот. Тоа покажа дека не сите незаконски стекнати вредности добиени преку плаќање во биткоини, исто така, останале во биткоини.

Исто така, беше откриено дека сите адреси се поврзани со истиот паричник за биткоин. При првото испитување на запленетите електронски уреди беше утврдено дека на некои од нив е инсталирана апликација за паричник BlockChain - Bitcoin. По новата анализа, обвинителот повторно му предложи на судијата (по поднесување на обвинението) да издаде уште една наредба за пребарување - предлогот се однесуваше на тие биткоин-адреси. Покрај тоа што очекуваше да се пронајдат повеќе биткоини или други виртуелни валути, обвинителот очекуваше и дека со пребарувањето на новооткриените уреди ќе се добијат и нови цврсти докази, што ќе докаже дека тие адреси на биткоини навистина биле користени од обвинетите во овој случај за да ги добијат исплатите за нивните услуги во биткоини. Со истиот предлог, обвинителот побара и заплена на електронски податоци кои претставуваат

имотна корист стекната преку криминални активности - сите биткоини. Многу е веројатно дека пребарувањето на електронските уреди и паричникот ќе открие дека има уште повеќе средства складирани во паричникот.

За да се префрлат евентуално откриените виртуелни валути, беше отворен нов паричник пред поднесување на предлогот. Адресата на паричникот беше вклучена во предлогот и испратена до судот. Судот го прифати предлогот и донесе наредба.

Инспекторите од Одделот за компјутерски истраги прегледале два ајфони и два ајпади кои им припаѓале на двајцата главни обвинети. Тие успеаја да пристапат до паричникот и да пренесат 34.08752292 биткоини во претходно поставениот паричник.

## Отворени прашања

Имаше бројни прашања за тоа како да се постапи со биткоин во овој конкретен случај, на кои требаше да се одговори соодветно за да се обезбеди:

а) Како правилно да се дефинираат виртуелни валути во поднесоци за судот да може да издаде наредба што може да се изврши;
б) Добивање докази кои би биле прифатливи пред судот во подоцнежните фази на кривичната постапка;
в) Привремено одземање, обезбедување и управување со виртуелни валути на законски одржлив начин.

## Привремено одземање на биткоини

Првата наредба што ја издаде судот е наредба упатена до Bitsamp кои претходно ги блокираа сметките на обвинетите по комуникација со словенечката Управа за спречување на перење пари. Тие ги замрзнаа сите средства и ги конвертираа средствата од биткоини и американски долари во евра, а сумата беше префрлена во Министерството за финансии на Луксембург.

Отвореното прашање беше како да се одземат и да се обезбедат виртуелни валути поврзани со паричници во ексклузивна сопственост на сторителите - не постои финансиска институција или платформа за размена до која може да се испрати налог за да се изврши. Дополнително прашање што се појави беше како правилно да се дефинираат приходите што се трансформирани во виртуелна валута што не е дефинирана со Законот за кривична постапка или со Кривичниот законик.

Обвинителот задолжен за случајот поднесе образложен предлог за претрес на запленети електронски уреди за кои беше потврдено дека

содржат Blockchain – Bitcoin Wallet – апликација која овозможувала пристап до паричникот на сторителите преку запленетите ајпади и ајфони. Со добиениот пристап при прегледот на уредите, истражителите имаа за цел да добијат докази за користење на познати јавни адреси за трансакции и во исто време да ги запленат и пренесат виртуелните валути кои претставуваат имотна корист стекната со криминални активности.

Поради нерегулираниот статус на виртуелните валути, обвинителот **побара одземање на електронски податоци** (биткоин). Во истиот предлог обвинителот му предложи на судот да нареди трансфер на виртуелните валути кои се очекуваше да се најдат во паричникот. Со цел привремено одземање и трансфер на пронајдените виртуелни валути, полицијата претходно креираше нов паричник. Обвинителот во предлогот ја вклучи и јавната адреса за префрлање која му беше соопштена од полицијата. Судот го прифати предлогот и донесе наредба. За време на пребарувањето на електронските уреди, полициските експерти за компјутерско пребарување успеале да одземат и префрлат 34.07755074 биткоини на нов паричник.

## Обезбедување високо ниво на безбедност

Како што веќе беше објаснето, запленетите виртуелни валути треба да бидат префрлени и соодветно обезбедени за да се спречи неовластен пристап и можна злоупотреба на запленетите средства. По извршувањето на наредбата беше креиран хартиениот паричник. Јавниот клуч и приватниот клуч беа испечатени на посебни листови хартија. До судот беше поднесен документ којшто го содржеше само јавниот клуч. Со цел да се осигура безбедноста и да се спречи злоупотреба, приватниот клуч од безбедносни причини беше складиран во обезбедена просторија во полицијата.

## Управување со привремено одземените виртуелни валути

Во овој случај обвинетиот побара да бидат продадени запленетите биткоини. Судијата одржа посебно рочиште на кое бранителот ги образложи аргументите за таквото барање. Главниот аргумент беше вистинскиот страв од губење на вредноста. Бранителот изјави дека во моментот на испраќање на барањето до судот вредноста на биткоинот била висока и дека очекуваат пад на вредноста на оваа виртуелна валута во блиска иднина. Судот го следеше предлогот на обвинетиот и одлучи (Според став 2 од 506.а CPA) да ги продаде привремено одземените биткоини. Во образложението се наведува дека поради нестабилноста на оваа виртуелна валута долгорочните прогнози е тешко да се предвидат и дека во согласност со чл. 8 од Уредбата за постапката за управување со запленетите предмети и средства беше неопходно да се обезбеди сигурност и профитабилност, во согласност со пазарните услови. Беше наредено продажбата да се

изврши преку Bitstamp, која ја поседуваше лиценцата на Lux Central Bank за вршење финансиски услуги. Одговорноста и обврската за продажба на запленетите биткоини беа делегирани на Комисијата за запленети приходи. На крајот, запленетите биткоини беа продадени на берзата Bitstamp Limited и износот од 210.404,10 евра беше префрлен на сметката на судот. На крајот се конфискувани вкупно 306.841,09 евра.

## Научени лекции

Добрата меѓународна соработка, брзите и координирани дејствија на различни колеги и знаењето за функционирањето на системот на виртуелни валути се клучни за навремено одземање, трансфер и соодветно обезбедување на имотната корист стекната со криминални активности. Постојните законски одредби можат да бидат доволни, доколку тоа го дозволува законски прифатливото толкување. Во случајот на Словенија, немаше потреба од приспособување на законските одредби што се применуваат во случај на привремена мерка со која се обезбедува барање за конфискација на имотна корист стекната со или произлезена од кривично дело.

# VI. Заклучоци и препораки

Постоечкото законодавство во Република Северна Македонија овозможува привремено одземање и конфискација на виртуелни валути. Исто како и во Република Словенија, постојните законски одредби од материјалното и процесното право се доволно широко дефинирани што овозможуваат привремено одземање и конфискација на виртуелни валути без да се донесат дополнителни законски одредби.

Меѓутоа, кога станува збор за виртуелните валути, практичното спроведување на законските одредби во Северна Македонија е проследено со различни предизвици и потешкотии. Иако сегашното законодавство им дозволува на органите за прогон и на судските власти да отвораат безбедни паричници со цел привремено одземање и обезбедување на виртуелни валути, има многу отворени прашања како што се:

- кој орган ќе го отвори безбедниот паричник;
- каков тип на безбеден паричник ќе се отвори;
- како ќе се генерираат и управуваат лозинките и пристапот до безбедниот паричник;
- кога ќе се отвори безбеден паричник (за целите на секоја поединечна истрага, за секоја виртуелна валута посебно, за секој обвинет);
- како ќе се регулираат провизиите за трансакцијата;
- кој ќе има пристап до паричникот и какви ќе бидат контролните механизми;
- кој ќе управува со трансферот на виртуелните валути на безбедниот паричник;
- кој ќе управува со виртуелните валути откако ќе се префрлат на безбедниот паричник;
- што ќе се случи по запленета, дали може виртуелните валути да се продаваат, како, кога и од кого итн.

Затоа, препорачливо е да се донесат посебни правила со кои се регулира привременото одземање и конфискацијата на виртуелните валути. Овие правила можат да се имплементираат или во процесното право или да бидат дел од општи упатства и подзаконски акти, како што покажува примерот на Словенија. Во моментов, имајќи ја предвид постојната законска регулатива, донесувањето интерни упатства и правилници ќе биде најбрз и најефикасен начин за решавање на сите отворени прашања.

Правилата што треба да се усвојат мора да се однесуваат на сите горенаведени прашања и на други прашања кои се релевантни за успешно обезбедување и конфискација на виртуелни валути. Посебно внимание треба да се посвети на содржината на предлогот на обвинителот и на судската наредба кога станува збор за виртуелни валути, поради специфичните карактеристики на технолошкиот процес на запленување на виртуелните валути.

Како што покажуваат најдобрите практики, препорачливо е безбедните паричници да се отвораат од случај до случај. Понатаму, безбедните паричници треба да се отвораат посебно за секоја виртуелна валута и за секој обвинет, со што ќе се овозможи една адреса за секое привремено одземање или конфискација. Добра практика е однапред да се подготват соодветни адреси за запленување и паричници контролирани од властите веднаш штом ќе се појави можност за обезбедување на виртуелни валути. Безбедниот паричник треба да биде отворен најдоцна пред обвинителот да испрати предлог до судот за привремено одземање на виртуелните валути, бидејќи во предлогот до судот треба да биде вклучена и јавната адреса.

Исто така, доколку е применливо, создавањето на безбедни паричници и адреси треба да се прави во безбедно компјутерско опкружување и силно препорачуваме да постојат детални пишани внатрешни правила. Во зависност од тоа каков паричник и/или процедура контролирани од властите ќе се користат, адресата за запленување може однапред да се подготви во форма на кју-ар-код, за да се избегнат печатни грешки. Непосредно пред да се изврши привремено одземање, адресата за запленување треба да се провери повторно за да се види дали е точна. Се предлага да се користи принципот на четири очи во кој четири очи можат да ја проверат точноста на адресата за запленување и оттука да ги заштитат лицата кои ги запленуваат средствата.

Едно многу важно прашање што не смее да се занемари е прашањето што се случува со виртуелните валути по привременото одземање? Дали виртуелните валути може да се продаваат и ако е така, кога и под кои услови? Кој ќе може да ја одобри продажбата и кои се правните аспекти кои мора да се земат предвид? Бидејќи е јасно дека ова прашање ги допира имотните права на обвинетите во фази кога нивната вина не е конечно потврдена, препорачливо е во процесното право да се вклучат конкретни правила. Во однос на ова, треба да се земе предвид можноста за надомест на осомничениот во подоцнежна фаза доколку истиот е прогласен за невин.

Исто така, треба да се донесат јасни правила за тоа што се случува со виртуелните валути по нивната конечна конфискација. Препорачливо е доколку сè уште не се продадени, тоа да се направи по конфискацијата,

бидејќи понатамошното чување и управување со виртуелните валути може да доведе до финансиска загуба и може да ги поткопа сите напори направени во кривичната постапка. Така, препорачливо е во законот кој се однесува на управувањето со конфискуваниот имот да бидат внесени некои општи правила во врска со конфискацијата и продажбата на виртуелните валути.

Треба да се донесат и правила за продажба на виртуелните валути во кривични постапки. Судот, како што беше споменато, може да одлучи да ги продаде конфискуваните виртуелни валути, но законот за извршна постапка нема правила за тоа како да се продадат виртуелните валути. Затоа, неопходно е да се вклучат општи правила за продажба на виртуелни валути, бидејќи нивната продажба е сосема различна од продажбата на други предмети и важат други пазарни правила.

Да заклучиме, темата за виртуелни валути во кривичните постапки во Северна Македонија е сосема нова. Со оглед на тоа што поголемиот дел од засегнатото законодавство е во фаза на развој, ова е совршено време да се здружат напорите и да се реши ова прашање на еден сеопфатен и единствен начин. Практичниот пример и правната позиција во Република Словенија им обезбедува знаење на властите во Северна Македонија како ефикасно да го решат ова прашање, внимавајќи тоа да биде во согласност со сите ЕУ и меѓународни стандарди.

Како што искусија словенечките колеги, добрата меѓународна соработка, брзите и координирани дејствија на различни колеги и знаењето за функционирањето на системот на виртуелни валути се клучни за навремено запленување, трансфер и соодветно обезбедување на имотната корист стекната со криминални активности. Така, освен подобрувањата во законодавството, суштински се натамошните напори за усовршување на институционалните капацитети на агенциите за прогон и судството за ефикасно обезбедување и конфискација на виртуелни валути во кривичните постапки.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ЛИТЕРАТУРА:

1. Basic Manual on Detection and Investigating of the Laundering of Crime Proceeds using Virtual Currencies – UNDOC, June 2014 https://www.imolin.org/pdf/imolin/FULL10-UNODCVirtualCurrencies_final.pdf
2. European Central Bank "Virtual Currency Schemes", October 2012, https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencyschemes201210en.pdf
3. International Monetary Fund Staff Discussion Note, "Virtual Currencies and Beyond: Initial Considerations", January 2016, https://www.imf.org/external/pubs/ft/sdn/2016/sdn1603.pdf
4. Distributed Ledger Technology (DLT) and Blockchain, FinTech Note no.1, World Bank Group, International Bank for Reconstruction and Development, 2017 - https://documents1.worldbank.org/curated/en/177911513714062215/pdf/122140-WP-PUBLIC-Distributed-Ledger-Technology-and-Blockchain-Fintech-Notes.pdf
5. ФАТФ "Virtual Currencies – Key Definitions and Potential AML/CFT Risks", June 2014, http://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Virtual-currency-key-definitions-and-potential-aml-cft-risks.pdf
6. ФАТФ Guidance for risk based approach Virtual Currencies, June 2015 https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Guidance-RBA-Virtual-Currencies.pdf
7. ФАТФ Guidance for a risk based approach, Virtual Assets and Virtual Assets Service Providers, June 2019 https://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/recommendations/RBA-VA-VASPs.pdf
8. R. HOUBEN and A. SNYERS, "Crypto-assets, Key developments, regulatory concerns and responses", European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, April 2020, (electronically available via https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/648779/IPOL_STU(2020)648779_EN.pdf).
9. ЕЦБ, "Virtual Currency Schemes – a further analysis", February 2015, https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/other/virtualcurrencyschemesen.pdf
10. R. HOUBEN and A. SNYERS, "Crypto currencies and blockchain, Legal context and implications for financial crime, money laundering and tax evasion",

European Parliament Committee on Economic and Monetary Affairs, Policy Department for Economic, Scientific and Quality of Life Policies, Directorate-General for Internal Policies study, July 2018, (electronically available via https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/150761/TAX3%20Study%20on%20cryptocurrencies%20and%20blockchain.pdf ).

11. "Guide on seizing cryptocurrencies", Cybercrime program office of Council of Europe, February 2021
12. Водич за виртуелни валути за судските власти, ЕЈЦН (The EJCN Virtual Currencies Guide for Judicial Authorities)

# ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗВОРИ:

13. https://www.investopedia.com/terms/c/central-bank-digital-currency-cbdc.asp
14. https://www.investopedia.com/terms/b/bitcoin-mining.asp
15. https://cointelegraph.com/bitcoin-for-beginners/how-does-blockchain-work-a-beginners-guide-to-blockchain-technology
16. https://builtin.com/blockchain/blockchain-applications
17. https://www.analyticsinsight.net/real-world-applications-of-blockchain-technologies/
18. https://ethereum.org/en/developers/docs/consensus-mechanisms/pos/
19. https://en.wikipedia.org/wiki/Unspent_transaction_output
20. https://cryptocurrencyhub.io/exchanger-vs-exchange-which-one-to-choose-73af890dea0a
21. https://cryptocurrencyhub.io/exchanger-vs-exchange-which-one-to-choose-73af890dea0a
22. https://cryptocurrencyfacts.com/what-is-a-cryptocurrency-wallet/
23. https://paxful.com/blog/what-are-public-keys-private-keys-wallet-address/
24. https://cryptocurrencyfacts.com/what-is-a-cryptocurrency-wallet/
25. https://medium.com/hackernoon/crypto-wallet-vs-address-54f7fb980bd3
26. https://thenextweb.com/news/the-differences-between-a-bitcoin-wallet-and-an-address
27. https://en.cryptonomist.ch/2020/08/15/bitcoin-mixers-centralized-decentralized/
28. https://bitcoinmagazine.com/guides/what-are-bitcoin-mixers
29. https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/multi-million-euro-cryptocurrency-laundering-service-bestmixerio-taken-down

30. https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/cryptocurrency-laundering-service-members-of-criminal-organisation-arrested-in-spain
31. https://www.justice.gov/opa/pr/ohio-resident-pleads-guilty-operating-darknet-based-bitcoin-mixer-laundered-over-300-million
32. https://en.cryptonomist.ch/2020/08/15/bitcoin-mixers-centralized-decentralized/
33. https://www.investopedia.com/terms/a/altcoin.asp
34. https://www.binance.com/en/support/law-enforcement

# ПРАВНИ ИЗВОРИ:

35. Directive (ЕУ) 2018/843 of the European Parliament and of the Council of 30 May 2018 amending Directive (ЕУ) 2015/849 on the prevention of the use of the financial system for the purposes of money laundering or terrorist financing, and amending Directives 2009/138/EC and 2013/36/ЕУ https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018L0843
36. Cybercrime Convention Committee, T-CY Guidance note #1 https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016802e79e6
37. Directive 2009/110/EC of the European Parliament and of the Council of 16 September 2009 on the taking up, pursuit and prudential supervision of the business of electronic money institutions amending Directives 2005/60/EC and 2006/48/EC and repealing Directive 2000/46/EC https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32009L0110&from=en
38. Budapest Convention on Cybercrime https://rm.coe.int/1680081561
39. Explanatory Report to the Budapest Convention on Cybercrime https://rm.coe.int/16800cce5b
40. Cybercrime Convention Committee, T-CY Guidance note #10 https://rm.coe.int/16806f943e
41. Strasbourg convention - Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime (CETS No. 141) https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=141
42. Warsaw convention - Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime and on the Financing of Terrorism https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=198
43. Criminal Law Convention on Corruption (CETS No. 173) - https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=treaty-detail&treatynum=173
44. UN Convention against transnational organized crime - https://www.unodc.org/documents/middleeastandnorthafrica/organised-crime/UNITED_

NATIONS_CONVENTION_AGAINST_TRANSNATIONAL_ORGANIZED_CRIME_AND_THE_PROTOCOLS_THERETO.pdf

45. Criminal code of North Macedonia, Official gazette of North Macedonia No 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 and 248/2018
46. Criminal Procedure Code of North Macedonia, Official gazette of North Macedonia No.150/10, 100/12 and 198/18
47. Law on prevention on money laundering and financing of terrorism, Official gazette of North Macedonia No. 120/18, 275/19 and 317/20
48. Law on managing confiscated property, proceeds and seized objects in criminal and misdemeanor proceedings, Official gazette of North Macedonia no. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 and 64/18
49. Law on ownership and other ownership based right, Official gazette of North Macedonia 18/01, 92/08, 139/09, 35/10
50. Constitution of Republic of North Macedonia, Official gazette of North Macedonia 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11, 6/19, 39/19
51. Guidelines for the investigation of criminal offences related to virtual currencies, ref. no. Ktr-zb-9/11/2019/AF-nf, Supreme State Prosecutor's Office of the Republic of Slovenia, November 2019
52. Prevention of Money Laundering and Terrorist Financing Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 68/16, 81/19, 91/20 and 2/21
53. Payment Services, Services for Issuing Electronic Money and Payment Systems Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 7/18, 9/18 and 102/20
54. Foreign Exchange Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 16/08, 85/09 and 109/12
55. Book-Entry Securities Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 75/15, 74/16 – ORZNVP48, 5/17, 15/18 and 43/19
56. Market in Financial Instruments Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 77/18, 17/19, 66/19 and 123/21
57. Euro Adoption Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 114/06
58. Obligations Code, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 97/07, 64/16 and 20/18 – OROZ631
59. Law of Property Code, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 87/02, 91/13 and 23/20
60. Criminal Code, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 50/12, 6/16, 54/15, 38/16, 27/17, 23/20, 91/20 and 95/21

61. Criminal Procedure Act, Official gazette of the Republic of Slovenia, no. 32/12, 47/13, 87/14, 8/16, 64/16, 65/16, 66/17 – ORZKP 153,154, 22/19, 55/20, 89/20, 191/20, 200/20 and 105/21
62. Judgment of the Supreme Court of the Republic of Slovenia, ref. no. VSRS I Ips 19290/2017
63. Judgment of Supreme Court of the Republic of Slovenia, ref no. I Ips 19290/2017

**Анекс I** - Образец за информации коишто може да се добијат од разменувач или други даватели на услуги. Забелешка: во делот за приватност на податоците на секој давател на услуги и во делот за отворање сметка, можат да се најдат информации за тоа со какви податоци располагаат давателите на услуги. Примерот е даден за информации што можат да се добијат генерално, но податоците со кои располага Coinbase се користени за овој пример.

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

РО/КО бр. ______

(датум, место)

ДО

(име на разменувач, платформа за разменување или давател на услуги)

Предмет: Барање за податоци за давателот на услуги

Пред Основното јавно обвинителство _________ се води кривична постапка поради постоење сомненија за кривично дело ______ по член _____ од Кривичниот Законик (КЗ). Еден од аспектите на истрагата се фокусира на податоците од платформата за размена на виртуелни валути _________ (име на платформата за тргување како Coinbase).

Во согласност со овластувањата од член 198 од Законот за кривична постапка, барам податоци за трансакциите испратени од кластерот ___________ (спецификација на кластерот од интерес):

А. Деталите од регистрацијата на сметката/ите отворени на Вашата платформа, која/и ја примиле виртуелната валута ______ (име на виртуелната валута) во електронските паричници кои се вклучени во анекс I на ова барање и кои се прикачени на оптички медиум:

- Употребеното корисничко име;
- вистинското име коешто е користено во процесот на проверка на клиентот преку имплементација на стандардите за запознавање со клиенти - целосно правно име, датум на раѓање, возраст, националност,

пол, потпис и дигитална копија од документот за идентификација којшто е употребен за креирање на сметките (пасош, возачка дозвола, лична карта, матичен број, број на пасош, податоци од возачка дозвола, податоци од лична карта, информации за виза или доказ за престој);
- употребената електронска пошта;
- телефонскиот број;
- домашна адреса;
- информации за банкарска сметка;
- број на примарна сметка за платежна картичка (PAN);
- датумот кога е/се креирана/и сметката/ите;
- датумот на последниот пристап до сметката/ите.

Б. Сесии за најавување во односната/ите сметка/и:
- време на најавување (временски печат);
- ИП адресите и активностите за најавување на страницата за време на периодот [дд/мм/ггг-дд/мм/ггг];
- колаче за следење на прелистувачот;
- кориснички агент на прелистувачот;
- прелистувач http_accept и http_lang;
- детали за гео локација/следење.

В. Детали за постоечките електронски паричници за виртуелна валута на платформата за разменување каде виртуелната валута била испратена од кластерот ___________ (спецификација на кластерот од интерес):
- салдо на тековната сметка(и);
- список на трансакции на виртуелната валута испратени од сметката(ите) регистрирана/и на Вашата платформата за размена (вклучувајќи внатрешни или надворешни трансакции во платформата, кон други паричници или разменувачи/платформи на размена);
- пораки помеѓу корисникот(иците) на сметката(ите) на Вашата платформата за размена и другите корисници на оваа платформа.

Г. Трговски информации за виртуелните валути (детали за трансакции) кои се однесуваат на сметките наведени во точка В:
- Единствен идентификационен број - ID број кој идентификува специфична размена;
- Единствен оглас - ID број кој го идентификува огласот кој е користен за креирање на размената;
- Интернет провајдер - Името на начинот на плаќање (само кај онлајн размени);
- Купувач - Корисничко име на сметката на корисникот на Вашата платформа за размена кој купува виртуелни валути;
- Продавач - Корисничко име на сметката на корисникот на Вашата платформа за размена кој продава виртуелни валути;

- Фиат - Трговска вредност деноминирана во наведениот оглас;
- Износ на виртуелната валута - Трговска вредност деноминирана во виртуелна валута;
- Започнат спор - Покажува дали размената била оспорувана или не;
- Последна порака во - покажува временски печат на последната порака од порака кон чатот за размена;
- Последна порака од администраторот - покажува временски печат на последната порака од администраторот кон чатот за трговија;

Дополнителни информации кои исто така треба да се обезбедат се следните:

1. Дали сметките наведени во точка В биле предмет на пријава во врска со сомнителната активност;
2. Дали наведените сметки биле предмет на други барања од органите на прогонот.

Одговорот треба да се испрати до јавниот обвинител во рок од 30 дена од приемот на ова барање.

Јавен обвинител

_______________

Анекс II - предлог за издавање привремени мерки за обезбедување на виртуелни валути кои претставуваат противправна имотна корист и виртуелни валути кои се инструменти на кривично дело.

Образец 1: Барање за издавање привремена мерка за обезбедување на виртуелни валути кои претставуваат противправна имотна корист

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КО/РО бр. _______/_______

(место, датум)

ДО

ОСНОВЕН СУД – ___________

- Судија на претходна постапка –

__________________

Во кривичната постапка која се води пред ова Јавно Обвинителство под РО/КО бр.______, против осомничениот _________, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение за сторено кривично дело ______ по член _____ од Кривичниот Законик (КЗ), врз основа на член 39 став 2 и член 353 став 1 в.в. член 202 од Законот за кривична постапка (ЗКП), поднесувам:

## Барање за издавање на привремена мерка за обезбедување – привремено одземање на предмети (виртуелни валути)

Од паричникот за виртуелни валути __________ (да се даде опис на паричникот, на пример: каде е лоциран, за каков вид на паричник станува збор или идентификациониот број на паричникот ако е познат) на ________ (име и презиме на лицето, ЕМБГ, место на живеење) привремено да се одземат предмети и тоа сите ________ (називот на виртуелната валута, пример биткоини) лоцирани во паричникот за виртуелни валути, кои на ден ______ во _____ се со вредност од _________ денари.

Привременото одземање на виртуелните валути треба го спроведат припадници на правосудната полиција од _________ (назив на органот кој

ќе го спроведе одземањето, пр. Сектор за дигитална форензика при МВР; истражители од истражен центар и слично).

Одземањето на виртуелните валути - ______ (количина и назив на виртуелната валута која се очекува да се најде во паричникот, на пример: 5 биткоини), да се изврши со префрлање на __________ (назив на виртуелната валута) од погоре опишаниот паричник на сигурносниот паричник со јавна адреса број ________ (да се запише само јавната адреса од сигурносниот паричник, а не и приватниот клуч!).

По префрлањето на ______ (називот на виртуелната валута), сигурносниот паричник се предава на чување на _______ (органот кој ќе го чува сигурносниот паричник – Јавното обвинителство, МВР, Агенцијата за управување со одземен имот и сл.).

Виртуелните валути привремено се одземаат до завршување на постапката пред првостепениот суд.

## Образложение

Пред ова Јавно обвинителство во тек е кривична постапка против _____, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение дека сторил(е) кривично дело _______ од член ___ од КЗ.

Имено, _________________ (тука треба да се даде краток опис на кривичното дело и околностите кои му се познати на Јавниот обвинител, заедно со доказите на кои се заснова сомневањето дека виртуелните валути претставуваат имотна корист од стореното кривично дело. Особено треба да се објаснат сознанијата и доказите од кои произлегува дека на паричникот кој е посочен во барањето има виртуелни валути и во кој обем. Доколку постои голема разлика помеѓу прибавената имотна корист и моменталната вредност на виртуелните валути, во овој дел потребно е да се образложат причините за таквата разлика. Значајно е да се определи видот на виртуелните валути кој се бара да се одземе – пример биткоин, етериум и слично и нивната количина, според податоците до кои е дојдено преку преземените истражните дејствија. Во овој дел потребно е да се даде и опис на лицето кое ги поседува виртуелните валути и доколку се работи за трето лице, а не за осомничениот, потребно е да се објасни и правниот основ за одземање на валутите од третото лице – пример кога му се префрлени без надомест).

Во конкретниот случај, а како станува збор за виртуелни валути, несомнена е опасноста дека до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато или оневозможено нивното одземање. Така, не може со сигурност да се знае кој сè има пристап до паричникот за виртуелни валути

и кој сѐ може од далечина да пристапи кон паричникот и да ги отуѓи или префрли виртуелните валути на други корисници. И самите околности во случајот, како преземањето на чекори да се заштити анонимноста на лицето од кое се бара привремено одземање на виртуелните валути, упатуваат на веројатноста дека доколку овие виртуелни валути не бидат привремено обезбедени, тогаш нивното одземање до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато, односно оневозможено.

Од сите наведени причини, барам судијата на претходна постапка на Судот да издаде привремена мерка за обезбедување – привремено одземање на предмети (виртуелни валути) и тоа _______ (количина и опис на виртуелната валута) од лицето _____, а за кои постои сомнение дека претставуваат противправна имотна корист.

Јавен обвинител

_______________

Образец 2: Барање за издавање привремена мерка за обезбедување на виртуелни валути кои според КЗ треба да се одземат

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КО/РО бр. _______/_______

(место, датум)

ДО

ОСНОВЕН СУД – ___________

- Судија на претходна постапка –

__________________

Во кривичната постапка која се води пред ова Јавно обвинителство под РО/КО бр.______, против осомничениот _________, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение за сторено кривично дело ______ по член _____ од Кривичниот Законик (КЗ), врз основа на член 39 став 2 и член 202 од Законот за кривична постапка (ЗКП), поднесувам:

## Барање за издавање на привремена мерка за обезбедување – привремено одземање на предмети (виртуелни валути)

Од паричникот за виртуелни валути __________ (да се даде опис на паричникот, на пример: каде е лоциран, за каков вид на паричник станува збор или идентификациониот број на паричникот ако е познат) на ________ (име и презиме на лицето, ЕМБГ, место на живеење) привремено да се одземаат предмети и тоа сите ________ (називот на виртуелната валута, пример биткоини) лоцирани во паричникот за виртуелни валути, кои на ден ______ во _____ се со вредност од _________ денари.

Привременото одземање на виртуелните валути треба го спроведат припадници на правосудната полиција од _________ (назив на органот кој ќе го спроведе одземањето, пр. Сектор за дигитална форензика при МВР; истражители од истражен центар и слично).

Одземањето на виртуелните валути - ______ (количина и назив на виртуелната валута која се очекува да се најде во паричникот, на пример: 5

биткоини), да се изврши со префрлање на __________ (назив на виртуелната валута) од погоре опишаниот паричник на сигурносниот паричник со јавна адреса број ________ (да се запише само јавната адреса од сигурносниот паричник, а не и приватниот клуч!).

По префрлањето на ______ (називот на виртуелната валута), сигурносниот паричник се предава на чување на _______ (органот кој ќе го чува сигурносниот паричник – Јавното обвинителство, МВР, Агенцијата за управување со одземен имот и сл.).

Виртуелните валути привремено се одземаат до завршување на постапката пред првостепениот суд.

## Образложение

Пред ова Јавно обвинителство во тек е кривична постапка против _____, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение дека сторил(е) кривично дело _______ од член ___ од КЗ.

Имено, ___________ (тука треба да се даде краток опис на кривичното дело и околностите кои му се познати на Јавниот обвинител, заедно со доказите на кои се заснова сомневањето дека виртуелните валути според КЗ треба да се одземат. Особено треба да се објаснат сознанијата и доказите од кои произлегува дека на паричникот кој е посочен во барањето има виртуелни валути и во кој обем. Значајно е да се определи видот на виртуелните валути кој се бара да се одземе – пример биткоин, етериум и слично и нивната количина, според податоците до кои е дојдено преку преземените истражни дејствија. Во овој дел потребно е да се даде и опис на лицето кое ги поседува виртуелните валути и доколку се работи за трето лице, а не за осомничениот, потребно е да се објасни и правниот основ за одземање на валутите од третото лице – пример кога му се префрлени без надомест).

Во конкретниот случај, а како станува збор за виртуелни валути, несомнена е опасноста дека до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато или оневозможено нивното одземање. Така, не може со сигурност да се знае кој сè има пристап до паричникот за виртуелни валути и кој сè може од далечина да пристапи кон паричникот и да ги отуѓи или префрли виртуелните валути на други корисници. И самите околности во случајот, како преземањето на чекори да се заштити анонимноста на лицето од кое се бара привремено одземање на виртуелните валути, упатуваат на веројатноста дека доколку овие виртуелни валути не бидат привремено обезбедени, тогаш нивното одземање до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато, односно оневозможено.

Од сите наведени причини, барам судијата на претходна постапка на Судот да издаде привремена мерка за обезбедување – привремено одземање на предмети (виртуелни валути) и тоа _______ (количина и опис на виртуелната валута) од лицето _____, а кои според КЗ треба да се одземат.

Јавен обвинител

_______________

## Анекс III - Барање за издавање наредба за пребарување во комбинација со барање за привремено одземање на виртуелни валути

## Образец 1: Барање за издавање наредба за пребарување на компјутерски систем и наредба за одземање на виртуелни валути кои претставуваат противправна имотна корист (виртуелни валути како принос од казниво дело)

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КО/РО бр. _______/_______

(место, датум)

ДО

ОСНОВЕН СУД – ___________

- Судија на претходна постапка –

__________________

Во кривичната постапка која се води пред ова Јавно обвинителство под РО/КО бр.______, против осомничениот _________, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение за сторено кривично дело ______ по член _____ од Кривичниот Законик (КЗ), врз основа на член 39 став 2 и член 181 став 2 в.в. член 184 и 186, како и член 194 од Законот за кривична постапка (ЗКП), поднесувам:

1. **Барање за издавање на наредба за пребарување на компјутерски системи** – електронски уреди во сопственост и користени од ___________, и тоа:

   а. Таблет марка ___________, модел _________, со сериски број ________

   б. Мобилен телефон марка ________, модел _______, ИМЕИ број _______, со СИМ картичка од операторот _________ со телефонски број _______ и сериски број ________

   в. Лаптоп марка _______, модел _______, со сериски број ______

- заради пронаоѓање на предмети важни за кривичната постапка, согласно член 182 став 1 од ЗКП.

2. **Барање за издавање наредба за привремено одземање на предмети (електронски податоци) коишто можат да послужат како доказ во кривичната постапка и коишто претставуваат противправна имотна корист** и тоа сите ________ (називот на виртуелната валута, пример биткоини) лоцирани во паричникот за виртуелни валути достапен на електронските уреди опишани во точка 1.

Претресот на компјутерските системи и одземањето на електронските податоци треба го спроведат припадници на правосудната полиција од _________ (назив на органот кој ќе го спроведе одземањето, пр. Сектор за дигитална форензика при МВР; истражители од истражен центар Скопје и слично), на кои наредбата им се проследува заедно со запленетите електронски уреди, а припадниците на правосудната полиција да извршат директно доставување на наредбата до странките.

Претресот треба да го спроведат припадниците на правосудната полиција со пристап до паричникот за виртуелни валути инсталиран на електронските уреди опишани во точка 1.

Предметите, односно електронските податоци е потребно да се одземат без одлагање од сопственикот и корисникот на електронските уреди опишани во точка 1 - ________ (име и презиме на лицето).

Одземањето на електронските податоци - ______ (количина и назив на виртуелната валута која се очекува да се најде во паричникот, на пример: најмалку 5 биткоини), да се изврши со префрлање на __________ (назив на виртуелната валута) од паричникот во кој се пронајдени на сигурносниот паричник со адреса број ________ (да се запише само јавната адреса од сигурносниот паричник, а не и приватниот клуч!).

По префрлањето на ______ (називот на виртуелната валута), сигурносниот паричник се предава на чување на _______ (органот кој ќе го чува сигурносниот паричник – Јавното обвинителство, МВР, Агенцијата за управување со одземен имот и сл.).

## Образложение

Пред ова Јавно обвинителство во тек е кривична постапка против _____, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение дека сторил(е) кривично дело _______ од член ___ од КЗ.

Имено, _________________(тука треба да се даде краток опис на кривичното дело и околностите кои му се познати на јавниот обвинител, заедно со доказите врз кои се заснова сомневањето дека виртуелните валути претставуваат имотна корист од стореното кривично дело. Особено

треба да се објаснат сознанијата за постоење на паричник за виртуелни валути на уредите и од каде произлегуваат сомненија дека на уредите може да се најдат виртуелни валути и во кој обем. Значајно е да се определи видот на виртуелните валути кој се бара да се одземе – пример биткоин, етериум и слично и нивната количина, според податоците до кои е дојдено преку преземените истражни дејствија).

Имајќи го предвид сето наведено, веројатно е дека во компјутерските системи – електронски уреди сопственост на _______ ќе се пронајде паричникот за _________ (назив на виртуелната валута, пример биткоини), како и ______ (назив на виртуелната валута, пример биткоини). Станува збор за предмети важни во кривичната постапка бидејќи постои сомнение дека се работи за имотна корист од стореното кривично дело, како што беше погоре објаснето. Од досегашните сознанија на истрагата станува збор за најмалку _________ (назив на виртуелната валута, пример биткоини). Веројатноста дека во компјутерските системи на _______ (име и презиме на лицето) ќе се пронајдат овие предмети важни за кривичната постапка произлегува од __________(да се наведат сознанијата кои ги има јавниот обвинител).

Од сите наведени причини, барам судијата на претходна постапка на Судот да издаде наредба за претрес на компјутерски систем – електронски уреди сопственост и користени од _______, заради пронаоѓање и одземање на предметите важни за кривичната постапка, како и наредба за привремено одземање на предмети (електронски податоци) коишто можат да послужат како доказ во кривичната постапка и за кои постои сомнение дека претставуваат противправна имотна корист.

Јавен обвинител

_______________

Образец 2: Барање за издавање наредба за пребарување на компјутерски систем и наредба за одземање на виртуелни валути кои според КЗ треба да се одземат (предметите што се направени или употребени за извршување на кривичното дело)

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КО/РО бр. _______/_____

(место, датум)

ДО

ОСНОВЕН СУД – ___________

- Судија на претходна постапка –

__________________

Во кривичната постапка која се води пред ова Јавно обвинителство под РО/КО бр.______, против осомничениот _________, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение за сторено кривично дело ______ по член _____ од Кривичниот Законик (КЗ), врз основа на член 39 став 2 и член 181 став 2 в.в. член 184 и 186 како и член 194 од Законот за кривична постапка (ЗКП), поднесувам:

3. **Барање за издавање на наредба за пребарување на компјутерски системи** – електронски уреди во сопственост и користени од ___________, и тоа:

   а. Таблет марка ___________, модел _________, со сериски број ________

   б. Мобилен телефон марка ________, модел _______, ИМЕИ број _______, со СИМ картичка од операторот _________ со телефонски број _______ и сериски број ________

   в. Лаптоп марка _______, модел _______, со сериски број ______

- заради пронаоѓање на предмети важни за кривичната постапка, согласно член 182 став 1 од ЗКП.

4. **Барање за издавање наредба за привремено одземање на предмети (електронски податоци) коишто според Кривичниот Законик треба**

**да се одземат** и тоа сите ________ (називот на виртуелната валута, пример биткоини) лоцирани во паричникот за виртуелни валути достапен на електронските уреди опишани во точка 1.

Претресот на компјутерските системи и одземањето на електронските податоци треба го спроведат припадници на правосудната полиција од _________ (назив на органот кој ќе го спроведе одземањето, пр. Сектор за дигитална форензика при МВР; истражители од истражен центар Скопје и слично), на кои наредбата им се проследува заедно со запленетите електронски уреди, а припадниците на правосудната полиција да извршат директно доставување на наредбата до странките.

Претресот треба да го спроведат припадниците на правосудната полиција со пристап до паричникот за виртуелни валути инсталиран на електронските уреди опишани во точка 1.

Предметите, односно електронските податоци е потребно да се одземат без одлагање од сопственикот и корисникот на електронските уреди опишани во точка 1 - ________ (име и презиме на лицето).

Одземањето на електронските податоци - ______ (количина и назив на виртуелната валута која се очекува да се најде во паричникот, на пример: најмалку 5 биткоини), да се изврши со префрлање на __________ (назив на виртуелната валута) од паричникот во кој се пронајдени на сигурносниот паричник со адреса број ________ (да се запише само јавната адреса од сигурносниот паричник, а не и приватниот клуч!).

По префрлањето на ______ (називот на виртуелната валута), сигурносниот паричник се предава на чување на _______ (органот кој ќе го чува сигурносниот паричник – Јавното обвинителство, МВР, Агенцијата за управување со одземен имот и сл.).

## Образложение

Пред ова Јавно обвинителство во тек е кривична постапка против _____, поради постоење на основи на сомнение/основано сомнение дека сторил(е) кривично дело _______ од член ___ од КЗ.

Имено, _________________(тука треба да се даде краток опис на кривичното дело и околностите кои му се познати на Јавниот обвинител, заедно со доказите на кои се заснова сомневањето дека виртуелните валути се предмети кои според КЗ треба задолжително да се одземат. Особено треба да се објаснат сознанијата за постоење на паричник за виртуелни валути на уредите и од каде произлегуваат сомненија дека на уредите може да се најдат виртуелни валути и во кој обем. Значајно е да се определи видот на

виртуелните валути кој се бара да се одземе – пример биткоин, етериум и слично и нивната количина, според податоците до кои е дојдено преку преземените истражните дејствија).

Имајќи го предвид сето наведено, веројатно е дека во компјутерските системи – електронски уреди сопственост на _______________ ќе се пронајде паричникот за __________ (назив на виртуелната валута, пример биткоини), како и ______ (назив на виртуелната валута, пример биткоини). Станува збор за предмети важни во кривичната постапка бидејќи постои сомнение дека се работи за предмети кои според КЗ треба да се одземат, како што беше погоре објаснето. Од досегашните сознанија на истрагата станува збор за најмалку __________ (назив на виртуелната валута, пример биткоини). Веројатноста дека во компјутерските системи на _______ (име и презиме на лицето) ќе се пронајдат овие предмети важни за кривичната постапка произлегува од ___________(да се наведат сознанијата кои ги има јавниот обвинител).

Од сите наведени причини, барам судијата на претходна постапка на Судот да издаде наредба за претрес на компјутерски систем – електронски уреди сопственост и користени од _______, заради пронаоѓање и одземање на предметите важни за кривичната постапка, како и наредба за привремено одземање на предмети (електронски податоци) коишто според КЗ треба да се одземат.

Јавен обвинител

___________________



**ОБСЕ Мисија во Скопје**
Булевар 8-ми Септември бр. 16, 1000 Скопје
e-mail: info-MK@osce.org
website: http://www.osce.org/mission-to-skopje